АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 22-08-2017 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3763 | 1 | |


# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

## ИЗВЕШТАЈ ОД МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 7 ДО 16 АВГУСТ 2017

## *МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ*

Мониторингот на известувањето на радиодифузерите, во периодот од распишувањето на Локалните избори 2017 година, па до почетокот на изборната кампања, започна на 7 август. Според *Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси* Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врши мониторинг врз вкупната програма на телевизиските и радио програмските сервиси на државно ниво при што фокусот е ставен врз известувањето во една дневно-информативна емисија емитувана во ударното време, обично централното издание на вестите или дневникот. Примерокот за мониторинг во овој период се состои од: Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1 и МРТ2), Првиот програмски сервис и Програмата на албански јазик на Македонско радио; терестријалните ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма; сателитските ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус, Наша ТВ, ТВ Сител 3 и ТВ Сонце; кабелските ТВ Арт Чаннел, ТВ 21-М, ТВ Нова, ТВ Шења и националните радија Канал 77 и Слободна Македонија.

При мониторингот на вестите се користи анализа на содржината, а по потреба и дискурзивна анализа. Притоа, најавите кои се непосреден вовед (или одјава) за прилогот се мерат како негов составен дел, додека пак генералните најави и меѓунајавите (куси, помеѓу блокови) не се кодираат. Измерено е времето на сите прилози во вестите, освен на оние од светот, спортот и временската прогноза. Освен ова, измерено е и времетраењето на директното обраќање (тонски парчиња со изјави) на субјектите во вестите. Во извештајов, кај секој од медиумите што емитува сопствени вести подолги од 15 минути се дадени по две табели – во првата е претставена распределбата на времето по субјекти, а во втората, структурата на директните обраќања по субјекти.

Со додадени аналитички критериуми се прецизирани категориите – политички субјекти со активност во рамките на Собранието, и во рамките на локалната самоуправа, при што, кога е потребно, коментирани се активностите на одделни политички партии, примарно бележени групно како „опозиција" или како „позиција". Имајќи предвид дека анализираните прилози се однесуваат на целокупното живеење во земјава, онаму каде што е значителна временската застапеност на категоријата - „други субјекти" дадено е и објаснување што има во неа, додека, пак, во категоријата - „без субјекти" прикажано е времето одвоено за изјави од анонимни граѓани.

Во Изборниот законик не се утврдени конкретни правила за начинот на известување во вестите за периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања. Оттаму, предмет на мониторинг во периодот пред почетокот на изборната кампања е почитувањето на професионалните стандарди и принципи за вршење на дејноста утврдени во член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, особено начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања". За програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис, освен ова барање се следи почитувањето и на стандардите и начелата од член 111 од Законот, и на правилата за покривање на изборите на кои МРТ сама се обврза во Правилата за медиумско покривање на Локалните избори 2017 – МРТ1, усвоени во средината на август 2017 г.

*Исто така, се следи и почитувањето на забраната од Изборниот законик според која: „Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

Во методолошкиот примерок, за анализа беа земени и интервјуата и дебатите на актуелни или на актуелизирани теми, направени со носители на јавни функции или со експерти од одредени општествено-политички области. Редовно беа анализирани и актуелно-информативните програми реализирани како „отворено студио" за мислењата и за ставовите на поширока медиумска јавност. Со анализата беа опфатени и други видови програми, без оглед на нивниот жанр, доколку во нив се појавуваа политичари или актуелни носители на функции или доколку во нив се обработуваа актуелни општествено-политички теми.

## КЛУЧНИ НАОДИ

Наодите од првите десет дена од мониторингот на медиумското известување покажуваат дека радиодифузерите, во вестите, генерално ги почитуваат професионалните новинарски стандарди. Кај повеќето медиуми забележливо е настојување да обезбедат повеќе разновидни ставови за прашањата и темите кои се обработуваат. Исклучок се мал број медиуми, кај кои може да се забележи тенденција да пренесуваат ставови на субјекти кои споделуваат иста позиција по одредени теми (на пример, за Предлог-законот за употреба на јазиците).

Медиумите секојдневно известуваа за Владата и тоа како за нејзините редовни активности на домашен и на меѓународен план, за реакциите во врска со интерпелациите и за различните обвинувања на сметка на министрите и министерствата, така и за информациите од МВР во врска со УЕФА Супер купот, и за случаите од црна хроника.

Ако се има предвид дека Изборниот законик премногу широко го поставува значењето на поимот – „предизборен период", тогаш, стриктно земено, темата – „локални избори", односно – партиските активности поврзани со тој конкретен политички процес, застапена е незначително во однос на тековните партиски расправи во Собранието на Република Македонија. Конкретно, новинарскиот интерес за локалните избори се сведе или на организациските задолженија на Државната изборна комисија, или на партиски најави, претпоставки и шпекулации за можни градоначалнички кандидати.

При известувањето за активностите на политичките партии во вестите, фокусот на медиумите беше ставен врз ВМРО ДПМНЕ и врз СДСМ. Ваквото известување произлегува од фактот дека овие две партии беа речиси единствените што секојдневно имаа активности. Притоа, општо може да се забележи дека повеќе време е отстапено за ВМРО ДПМНЕ отколку за СДСМ, што, пак, се должи на следниве карактеристики на општествено политичката дебата во овој период:

- Разликите во интензитетот и во формата на активностите на двете најголеми партиски коалиции, и тоа по повод три актуелни настани: пленарната расправа за разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски, потоа комисиската расправа во врска со Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, и интерпелациите што пратеничките групи на ВМРО ДПМНЕ ги поднесоа за повеќемина министри од Владата предводена од СДСМ. Притоа, пратениците од СДСМ во дискусиите учествуваа со помал интензитет, односно се повлекоа од дел од расправата за обвинителот Зврлевски, додека пак за интерпелациите СДСМ најчесто одговараше со соопштенија;
- Вонсобраниските активности на ВМРО ДПМНЕ беа реализирани пред се како прес-конференции/изјави (и тоа по неколку секој ден), а СДСМ почесто користеше соопштенија;

За локалната самоуправа се известуваше преку информации произлезени од три вида настани:

- Од нивните редовни и релевантни активности (посета на терен за време на пожарите, организацијата на фудбалскиот Супер куп и на манифестацијата Супер Скопје);
- Од дискусиите на градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ во расправата за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, и
- Од учеството на градоначалниците од оваа партија во настани кои се редовни но маргинални (на пример увид во градежни работи) или во настани организирани од ВМРО ДПМНЕ.

Една од карактеристиките на првиот извештаен период е одржувањето на натпреварот меѓу фудбалските клубови Манчестер Јунајтед и Реал Мадрид за освојување на Супер купот на УЕФА. Според Методологијата за мониторинг спортските вести не се кодираат, меѓутоа, поради своето значење и голем одглас во медиумите, дел од прилозите за овој настан од сферата на спортот беа земени предвид при анализата.

# <u>ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС</u>

## Телевизиски сервиси

## <u>ПРВ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ1</u>

### <u>*Дневно-информативни емисии*</u>

На Првиот телевизиски програмски сервис на Македонската Радиотелевизија – МРТ1, вкупната анализирана минутажа во дневно-информативните емисии, насловени Дневник 2, изнесуваше 2 часа 52 минути и 23 секунди. Во периодот опфатен со првиот извештај од мониторингот, од 7 до 16 август 2017 година, анализирани се десет изданија од оваа дневно-информативна емисија, чиј редовен термин е во 19 часот и 30 минути, но во првите неколку дена беше поместен, најверојатно поради обврските на МРТ во поглед на Супер купот на УЕФА.

Во изданијата на Дневникот 2, преовладуваше новинарскиот жанр - извештај. Во нив обично се презентираа ставовите на двата, односно на повеќе релевантни извори на информации за конкретни прашања. Следуваат вести и соопштенија од партии и институции, а имаше и репортажни стории за подготовките, атмосферата, безбедносните мерки, навивачите, играчите и тренерите на фудбалските тимови на Манчестер Јунајтед и на Реал Мадрид во пресрет на натпреварот за Супер купот на УЕФА, кој на 8 август се одржа на арената „Филип II" во Скопје.

Настаните поврзани директно со Локалните избори во ова десетдневие беа исклучително ретки (неколку состаноци на ДИК и најавата на ВМРО ДПМНЕ за неколку кандидати). Преку вести, извештаи, соопштенија и изјави од министрите, МРТ1 известуваше за редовните активности на Владата на меѓународен и на домашен план. Ги емитуваше и реакциите на ВМРО ДПМНЕ за работата на Владата на кои одговараа или надлежните министерства или СДСМ, а понекогаш и обете.

Во овој предизборен период, во зависност од дневно-политичките настани, во изданијата на Дневник 2, опфатени се неколку актуелни теми кои се поврзани со работата на Собранието. Собраниската расправа за разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски беше следена во континуитет преку извештаи, исто како и расправата на собраниската комисија во врска со Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци и интерпелациите што пратеничките групи на ВМРО ДПМНЕ ги поднесоа за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, министерот за надворешни работи Никола Димитров, министерот за финансии Драган Тевдовски, министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку и министерот за култура Роберт Алаѓозовски.

МРТ1 во повеќе наврати известуваше за настаните околу смената на Живко Митревски од позицијата претседател на ССМ – за неговите обвинувања кон министерката за труд и социјална политика Мила Царовска за незаконско постапување и мешање во синдикалните работи, одговорите од Министерството, ставовите и реакциите на гранковите синдикати, тврдењата на новото раководство на чело со Дарко Димовски за наоди за наводно криминално раководење на ССМ од страна на Митревски и негирањето на Митревски.

Редовно, преку извештаи, се известуваше и за состојбите на опожарените подрачја во државата и за активностите што надлежните органи ги преземаат за нивно гасење - Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување.

<u>*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*</u>

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:30:51 | 17,90 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:06 | 9,92 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:44 | 8,55 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:27 | 1,42 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:28 | 6,65 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:13 | 9,99 % |
| СДСМ | 00:10:55 | 6,33 % |
| Собрание (опозиција) | 00:17:43 | 10,28 % |
| Собрание на РМ | 00:06:20 | 3,67 % |
| Собрание (позиција) | 00:10:16 | 5,96 % |
| Други субјекти | 00:12:07 | 7,03 % |
| ДИК и други органи | 00:03:01 | 1,75 % |
| Без субјекти | 00:07:21 | 4,26 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:27 | 2,00 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:09 | 0,67 % |
| Судство | 00:00:28 | 0,27 % |
| Достоинство | 00:00:59 | 0,57 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:43 | 0,42 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:56 | 1,70 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:28 | 0,27 % |
| Левица | 00:00:41 | 0,40 % |
| | **Вкупно: 02:52:23** | 100 % |

МРТ1, во изданието на Дневникот 2 од 15 август, извести дека Јавниот сервис усвоил Правила за медиумско покривање на Локалните избори 2017. Во нив, за известувањето во вестите од распишување на избори до започнување на изборната кампања е предвидено дека МРТ1 ќе ги почитува професионалните принципи и законските обврски и „ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на политичките партии од власта и од опозицијата што се претставени во Собранието на Република Македонија", а „ќе се обиде да информира и за активностите на политичките субјекти што не се претставени во Собранието". Во овој контекст, во првите десет дена фокусот на известувањето беше ставен врз меѓусебната комуникација на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ - во Собранието, и надвор од него, а беше информирано и за активностите на Левица, Достоинство и на ГРОМ. Гледачите беа информирани и за интервјуто на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска за агенцијата Блумберг.

За активностите на локалната власт беше информирано во рамките на нивните редовни и релевантни активности (на пример, организацијата на натпреварот за Супер купот и културно-забавната манифестација Супер Скопје во главниот град).

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Собрание на РМ | 00:02:05 | 3,25 % |
| Собрание (опозиција) | 00:11:45 | 18,30 % |
| Собрание (позиција) | 00:05:34 | 8,67 % |
| ДИК и други органи | 00:01:16 | 1,97 % |
| Влада на РМ | 00:05:42 | 8,88 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:30 | 11,68 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:27 | 16,28 % |
| Граѓански сектор | 00:07:45 | 12,07 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:47 | 2,78 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:59 | 1,53 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:28 | 2,28 % |
| Левица | 00:00:27 | 0,70 % |
| Други субјекти | 00:04:20 | 6,75 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:29 | 0,75 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:52 | 1,35 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:30 | 0,78 | % |
| СДСМ | 00:01:16 | 1,97 | % |
| | **Вкупно 01:04:12** | 100 | % |

Временски најмногу минути за директни обраќања во прилозите во Дневник 2 добиле опозициските партии во Собранието (преку изјави/обраќања на ВМРО ДПМНЕ и ГРОМ), за актуелните теми кои се одвиваа во Парламентот, поврзани со разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски, потоа со дебатата во собраниската комисија во врска со Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци и со интерпелациите. МРТ 1 изворно пренесе и изјави од претставници на опозициската ВМРО ДПМНЕ од нивните реакции во врска со редовните активности на Владата. Ваквиот распоред на директните обраќања во голем дел се должи на одлуката на СДСМ да се повлече од некои од расправите во Собранието и на реакциите преку соопштенија.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Актуелно-информативни емисии</u>*

Во десетдневниот период, од 7-16 август, емитувано е едно издание на актуелно-информативната програма „Од наш агол". Гостин во емисијата беше г-ѓа Анета Стојановска Стефанова, членка на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ. Во емисијата се разговараше на теми поврзани со Предлог-законот за употреба на јазиците. На почетокот на емисијата, водителката најави дека во ова издание на актуелно-информативната емисија „Од наш агол", бил поканет претставник од СДСМ, меѓутоа партијата не одговорила позитивно на поканата.

***<u>Други програми</u>***

Во утринската програма насловена „Македонија наутро", во периодот од 7 до 16 август, емитувани се две интервјуа: со директорот на Агенција за млади и спорт Дарко Каевски и со директорот на Паркинзи на Општина Центар Саша Богдановиќ, за активности кои ќе ги имаат ова лето и активности кои ќе следат од септември.

Во специјализираната емисија за земјоделците со наслов „Аграр", имаше интервју со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски во кое зборуваше за откупот на пченица, за дополнителни субвенции, ребалансот на буџетот за кој се водеше дебата во Собранието, за концептот на интервентен фонд, потоа за субвенционирање на млади земјоделци и други мерки.

Во овој извештаен период, во репризните изданија на агромагазинот со наслов „Добра земја", емитувани во раните утрински часови, во рубриката агровести беа пренесени информации од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во врска со пријавувањето за субвенции. Во изданието од 7 август, беше известено за состојбите по ова прашање во општините Делчево и Македонска Каменица, за тоа дека до Министерството за финансии биле испратени налозите за исплата на над 130 милиони денари субвенции за преку 3500 пчелари, како и оти со ребалансот на Буџетот, поддршката во земјоделството не била намалена, туку биле предвидени дополнителни 110 милиони денари за заштита и директна поддршка на земјоделците.

На 10 август, пак информациите се однесуваа на издадените евидентни листови за откуп и субвенции за тутунопроизводителите во струмичко годинава; на тоа дека МЗШВ презело мерки да им се помогне на производителите на лубеници кои поради нерешени имотно-правни односи не ги исполнуваат условите за дополнителната субвенција од 2 денари; за тоа дека Советот на општината го усвоил Елаборатот за предизвиканите штети од априлските мразеви; како и дека претставниците од секторската група за пченица при Министерството, се сретнале со производители на пченица и јачмен, за ублажување на штетите од годинашната лоша жетва. Беше пренесен повик од дебарската подрачна единица на МЗШВ до земјоделците да аплицираат на огласот за добивање субвенции, како и соопштението на Министерството дека Владата на РМ воведува сериозна практика за грижа за земјоделците која ќе биде

континуирана во делот на мерките за помош и во однос на субвенциите, секогаш кога тоа ќе биде потребно, и кои секогаш итно ќе биле имплементирани за да не се предизвикуваат дополнителни последици за земјоделците.

## ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ 2 ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### *Дневно-информативни емисии*

Во десетте изданија на Дневникот 1, што секојдневно се емитува во 18 часот и 30 минути на Вториот телевизиски програмски сервис – МРТ 2 Програма на албански јазик, анализирани се прилози со вкупно траење од 3 часа 28 минути и 6 секунди. Медиумот информациите жанровски најчесто ги вообличуваше како извештаи и вести, а во првите денови од мониторингот, присутни беа и репортажни прилози посветени на одигрувањето на натпреварот од Супер купот на УЕФА во Скопје.

МРТ 2 редовно известуваше за активностите на Владата на домашен и на меѓународен план преку вести, извештаи, соопштенија и изјави. Тука влегуваат секојдневните прилози со препораките на Министерството за здравство, потоа црната хроника (МВР), активностите на одделот за интегрирање, правда итн. Актуелизирана беше и темата за Предлог- законот на употреба на јазиците преку прилози во кои владини функционери зборуваа за понатамошните активности околу примената на јазиците во централната и/или локалната власт.

Динамиката на работата во Собранието на РМ резултираше и со секојдневни извештаи од расправата во врска со разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски, при што се пренесуваа ставовите/дискусиите на пратениците од власта (Коалиција СДСМ, независен пратеник од таа коалиција, ДУИ) и од опозицијата (Коалиција ВМРО ДПМНЕ, Беса). Освен ова, се информираше и за прес-конференциите, соопштенијата, изјавите преку кои ВМРО ДПМНЕ и СДСМ реагираа на активностите на другата партија, најчесто поврзани со интерпелациите што првата ги покрена против неколкумина министри.

Редовно се известуваше и за состојбата со пожарите во земјата и тоа и преку информациите на надлежните органи и јавни претпријатија (ЦУК и ДЗС), како и преку сведоштвата на граѓаните (методолошки вброени во категоријата „без субјекти"). МРТ2 им отстапи на граѓаните време и во други прилози во кои тие изнесуваа свои мислења за најразлични општествени проблеми од нивни интерес.

Периодот на мониторингот ја опфати и годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, на кој медиумот посвети два прилози. Првиот се наврати на настанот преку архивски снимки и даде проценка за тоа колку е спроведен Договорот, а во вториот имаше изјави од универзитетски професори во својство на експерти/аналитичари кои зборуваа за унапредувањето на примената на албанскиот јазик во државните органи/институции. Експертите и аналитичарите беа присутни и во други прилози кои се однесуваа на историски (годишнини или личности важни за Албанците во Македонија) и актуелни теми (собраниската расправа за разрешувањето на јавниот обвинител Зврлевски, влијанието на екстремните температури врз земјоделските култури итн.).

Прилози посветени на локалните избори имаше малку.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:43:33 | 20,93 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:17:45 | 8,53 | % |
| Собрание (позиција) | 00:06:22 | 3,06 | % |
| Собрание на РМ | 00:07:35 | 3,64 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:03 | 5,31 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:33 | 1,23 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:16:39 | 8,00 | % |
| Без субјекти | 00:28:57 | 13,91 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:45 | 9,01 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:12 | 3,94 | % |
| СДСМ | 00:06:38 | 3,19 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:02 | 0,98 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:05 | 9,65 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:28 | 5,99 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:23 | 1,63 | % |
| Судство | 00:00:46 | 0,37 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:20 | 0,64 | % |
| | **Вкупно: 03:28:06** | 100 | % |

МРТ 2 известуваше и за развојот на настаните при смената на раководството на Сојузот на синдикатите на Македонија пренесувајќи ги ставовите и на Живко Митревски, и на Министерството за труд и социјална политика и на новиот претседател на ССМ Дарко Димовски. Во два наврати се емитуваа информации за уписите на факултетите, во кои се стави акцент на ново-отворениот државен универзитет „Мајка Тереза", а се споменуваа и другите универзитети.

Сервисот извести и за Правилникот, усвоен од Редакцијата, кој се однесува на медиумското известување пред и за време на Изборната кампања за Локалните избори 2017.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Влада на РМ | 00:07:12 | 14,55 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:06:59 | 14,11 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:30 | 3,03 | % |
| Собрание (позиција) | 00:02:16 | 4,58 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:54 | 9,90 | % |
| Други субјекти | 00:04:42 | 9,50 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:19 | 12,77 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:45 | 17,68 | % |
| СДСМ | 00:00:25 | 0,84 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:58 | 8,02 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:49 | 1,65 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:00 | 2,02 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:40 | 1,35 | % |
| | **Вкупно 00:49:29** | | |

Ниту еден субјект нема доминантно присуство во директните обраќања, со тоа што најмногу време е отстапено за експерти/аналитичари, по коишто следуваат претставниците на Владата на РМ, па репликите и контрарепликите на опозициските партии во Собранието, а меѓу позастапените субјекти се и органите на државната управа и јавни претпријатија и установи.

## Радио сервиси

### МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС

#### *Дневно-информативни емисии*

Со мониторингот на првиот десетдневен извештаен период на Првиот програмски сервис на Македонското радио се опфатени девет изданија на дневно-информативната емисија *Пладневен радиовесник* (емитувани секој работен ден и сабота, во 15:30 часот) и едно издание на *Дневни новости* (емитувано во недела во 14 часот). Вкупното времетраење на новинарските прилози, коишто се однесуваат на внатрешно-политички и општествени теми, претставени преку вести, вести во низа, изјави, соопштенија и извештаи, е 3 часа 38 минути и 9 секунди.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Субјекти | Траење | Процент | |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:56 | 3,18 | % |
| Влада на РМ | 00:41:45 | 19,14 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:59 | 3,20 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:25:15 | 11,57 | % |
| Собрание (позиција) | 00:08:33 | 3,92 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:29 | 2,06 | % |
| Други субјекти | 00:28:09 | 12,90 | % |
| ТМРО | 00:00:45 | 0,34 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:45 | 11,35 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:07 | 7,39 | % |
| Без субјекти | 00:13:28 | 6,17 | % |
| Граѓански сектор | 00:24:00 | 11,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:59 | 2,74 | % |
| СДСМ | 00:04:00 | 1,83 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:58 | 0,44 | % |
| Беса | 00:00:52 | 0,40 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:02 | 0,47 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:36 | 1,19 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:31 | 0,24 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:01:00 | 0,46 | % |
| | **Вкупно: 03:38:09** | 100 | % |

Најмногу време во вестите е одвоено за Владата на Р.М (41 минута и 45 секунди). Застапеноста на Владата како субјект ја чинат информациите поврзани со активностите на министерствата и нејзините претставници. Медиумот ги пренесуваше соопштенијата на ресорните министерства поврзани со: одржувањето на фудбалскиот Супер куп во Скопје, најавената посета на грчкиот министер за надворешни работи, справувањето со топлотниот бран, темите поврзани со мигрантите и бегалците, пожарите, владините задолжувања, средби со странски дипломати итн. Медиумот информираше и за активностите на Министерството за земјоделство во врска со надминување на спорот со Хрватска околу откупот на земјоделски производи, активностите на Министерството за информатичко општество и администрација поврзани со регистарот на јавни службеници и др.

Во фокусот на интерес на Првиот програмски сервис на Македонското радио беа и расправата во Собранието што се водеше на релација позиција – опозиција во врска со разрешувањето на Јавниот обвинител Марко Зврлески, како и поднесените интерпелации од страна на пратениците од Коалицијата

предводена од ВМРО ДПМНЕ, на што се должи и поголемата застапеност на субјектот Собрание (опозиција). Информациите од државните органи за пожарите коишто беснеја низ Македонија, пред се од Дирекцијата за заштита и спасување и од Центарот за управување со кризи, исто така, беа дел од програмата на Македонско радио. Информираше и за повеќедневните случувања во ССМ, поврзани со смените во претседателството.

Радиото информираше и од тематските прес-конференции на политичкиот субјект ВМРО ДПМНЕ, пренесувајќи ги за дел од нив и ставовите на засегнатите страни (СДСМ, владини претставници, претставници на парламентарното мнозинство).

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:43 | 4,37 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:33 | 2,49 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:13:04 | 21,01 | % |
| Собрание (позиција) | 00:02:53 | 4,64 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:51 | 17,44 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:54 | 12,70 | % |
| Други субјекти | 00:06:05 | 9,78 | % |
| Влада на РМ | 00:05:20 | 8,57 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:41 | 17,18 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:25 | 0,67 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:43 | 1,15 | % |
| | **Вкупно: 01:02:12** | 100 | % |

Во однос на директните обраќања, најзастапаен субјект е *Собрание (опозиција)* поради истата причина како и во однос на вкупната застапеност во вестите, односно поради собраниската расправа за разрешување на државниот Јавен обвинител, Марко Зврлевски, како и покренатите интерпелации zа одредени министри од Владата. Одвоеното време за директни обраќања на субјектот *Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи*, се должи пред се на информациите од Дирекцијата за спасување и заштита и Центарот за справување со кризи, а во врска со пожарите во Македонија. Директните обраќања за *Граѓанскиот сектор* се поврзани со превирањата за претседателското место во ССМ.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Актуелно-информативни емисии</u>*

Во рамки на информативната емисија „Актуелно", се емитувани раговори со: првиот цивилен министер за одбрана, Трајан Гоцевски во врска со одбележувањето на 25 годишнината од формирањето на АРМ (разговорот е реприризиран); директорот на македонско-руската Стопанска комора, Дејан Бишлиев, на тема - економска соработка помеѓу Македонија и Руската федерација и разговор со претседателот на Светскиот македонски конгрес Тодор Петров околу прашањето дали и колку се заштитени правата на македонското малцинство со потпишаниот договор за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија.

Одбележувањето на 115 годишнината од раѓањето на Методија Андонов Ченто, еден од основоположниците на современата македонска држава, во рамки на емисијата „Актуелно", е проследено со разговор со неговиот син, Илија Андонов Ченто .

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### *Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период од 7 до 16 август 2017 година, опфатени се исто толку изданија на вестите емитувани во 16 часот. Вкупното времетраење на прилозите коишто се предмет на анализа е 1 час 56 минути и 34 секунди, со што не е постигнат минималниот квантум од 2 часа новинарски прилози методолошки неопходни за анализа.

### *Други програми*

Емитувани се два разговора во рамките на десетдневниот извештаен период. Во рамки на емисијата „Семејство и здравје" гостуваше новоименуваниот директор на Клиниката за торакално-васкуларна хирургија од редовите на ДУИ, Неџати Јакупи. Вториот разговор беше во рамки на емисијата „Отворено", а се реализираше со ректорот на универзитетот „Мајка Тереза", Азиз Положани.

# ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

## Терестријални телевизии

### ТВ АЛСАТ-М

***Дневно-информативни емисии***

Во десетдневниот период од 7 до 16 август, од изданијата на ТВ Дневникот емитуван во 19 часот, за анализа на т.н. „предизборен период“ од Локалните избори, издвоени се вкупно 3 часа 30 минути и 55 секунди, составени главно од новинарска обработка, преку вести и извештаи, на тековни општествено-политички настани, но и од поширoки осврти за теми чија актуелност опфаќа различни аспекти и чинители на општествениот живот во Република Македонија. Во оваа смисла, фокусот врз темите за – локалните избори, е мошне тесен, односно, се сведе на задолженијата на ДИК во врска со објавувањето на роковникот за изборниот процес или, пак, на првични партиски известувања за можните кандидати за градоначалници. Посредно, доколку нештата се погледат од перспектива на реалните, тековни настани во рамките на Градот Скопје и на локалната самоуправа, тогаш новинарските прилози најчесто го земаа предвид граѓанскиот аспект, односно – го соочуваат гледачот со „состојбата на теренот“, било во врска со опожарените подрачја или со (стари) инфраструктурни проблеми (рестрикции на струја или на вода, проблем со јавните депонии), било репортажно, со настаните произлезени од фудбалскиот Супер куп што се одигра во Скопје. Сепак, примарно место во десетдневниот период опфатен со ТВ Дневникот од 19 часот добиваа извештаите од собраниските расправи за – смената на Јавниот обвинител Зврлевски, за интерпелациите што ВМРО ДПМНЕ ги поднесуваше за новоназначените министри, но и за правно-политичкиот опфат на Предлог-законот за јазиците и за годишницата од Охридскиот рамковен договор. За последниве две теми, ТВ Алсат-М понуди и експертски ставови, но и гледишта на граѓани и на актуелни претставници на одделни политички партии.

Читан од табелата за застапеноста на субјектите во ТВ дневникот, посочениот уредувачки пристап резултира со забележителна статистика – за редовните активности на Владата (министерствата); за субјектите – „*експерти/аналитичари*“, потоа за ставката - „*без субјекти*“ (исповед/мислење на анонимни граѓани), „*органи на државната управа/ јавни претпријатија / јавни установи*“, и за категоријата - „*други субјекти*“ (лица опфатени од судски процеси или од процесите покренати од СЈО; универзитетски професори; вработени во услужните дејности (хотели/ресторани) или лица предложени за носители на јавни функции).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Други субјекти | 00:22:54 | 10,91 % |
| Влада на РМ | 00:29:45 | 14,18 % |
| Судство | 00:06:28 | 3,08 % |
| Собрание на РМ | 00:07:07 | 3,39 % |
| Собрание (опозиција) | 00:10:53 | 5,19 % |
| Собрание (позиција) | 00:07:15 | 3,46 % |
| ДИК и други органи | 00:03:35 | 1,71 % |
| Беса | 00:02:12 | 1,05 % |
| СДСМ | 00:03:07 | 1,49 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:44 | 4,64 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:51 | 0,88 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:22 | 0,65 % |
| ДПА-ДР | 00:01:51 | 0,88 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:56 | 10,93 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:24:06 | 11,49 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:39 | 1,74 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:21 | 11,13 | % |
| Граѓански сектор | 00:15:06 | 7,20 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:55 | 1,39 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:42 | 1,76 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:00:55 | 0,44 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:24 | 0,19 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:58 | 1,41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:43 | 0,82 | % |
| | **Вкупно: 03:29:49** | 100 | % |

ТВ Алсат-М емитуваше и кус коментар/осврт на одлуката на рускиот бизнисмен Сергеј Самсоненко да се повлече од позицијата – генерален спонзор на спортскиот клуб Вардар.

Последователно на погоререченото, во табелата со статистиката за т.н. – „*директни обраќања*", односно – тонските цитати, на субјектите застапени во ТВ Дневникот со јавен став за некоја владина политика, за партиски активности или за општествено-политички теми, најголема минутажа им е отстапена на „*експертите/аналитичарите*" (*по темите - Предлог-закон за јазиците и за годишницата од Охридскиот рамковен договор*).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Собрание (опозиција) | 00:05:43 | 10,42 | % |
| Собрание (позиција) | 00:03:35 | 6,53 | % |
| Влада на РМ | 00:06:19 | 11,51 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:06 | 2,00 | % |
| СДСМ | 00:00:43 | 1,31 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:24 | 2,55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:13 | 2,22 | % |
| Беса | 00:01:04 | 1,94 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:22 | 9,78 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:21 | 2,46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:20 | 22,47 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:48 | 1,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:52 | 10,69 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:33 | 1,00 | % |
| Други субјекти | 00:03:23 | 6,16 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:39 | 1,18 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:09 | 2,10 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:01:05 | 1,97 | % |
| Судство | 00:00:40 | 1,21 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:34 | 1,03 | % |
| | **Вкупно: 00:54:53** | 100 | % |

## ТВ АЛФА

### *Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период, од 7 до 16 август 2017г. од мониторингот на медиумското известување, опфатени се исто толку изданија на Вестите во 17.30 часот на ТВ Алфа, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 23 минути и 24 секунди. Во централниот информативен блок на ТВ Алфа, проследени се актуелните дневно-политички теми, како и актуелни теми од пошироко општествено-политичко значење. Главно се застапени основните жанровски форми – вест и извештај, но и вест во низа и извештај со елементи на коментар, произлезени од повторливоста и подолгиот континуитет на одредени актуелни теми. Емитувани се и два новинарски осврта со вкупно времетраење од 5 минути и 3 секунди.

Од политичките теми што се застапени во Вестите на ТВ Алфа во овој период, доминираат прилозите за реакциите на опозициската ВМРО ДПМНЕ најчесто поврзани со активностите и одлуките на Владата, прилозите за Законот за употреба на јазиците, Нацрт стратегијата за интеграција на бегалци и на странци.

Во овој период во вестите тематски се обработуваат и актуелните настани поврзани со фудбалскиот Супер куп што се играше во Скопје и во континуитет се проследени метереолошките прилики и состојбите со пожарите во Македонија.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алфа | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Без субјекти | 00:44:59 | 17,41 % |
| Граѓански сектор | 00:25:37 | 9,92 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:29:50 | 11,55 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:39:10 | 15,16 % |
| Влада на РМ | 00:24:30 | 9,48 % |
| Собрание (опозиција) | 00:17:12 | 6,66 % |
| Собрание (позиција) | 00:08:08 | 3,15 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:21 | 3,23 % |
| Други субјекти | 00:21:34 | 8,35 % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:52 | 7,30 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:07 | 0,43 % |
| Собрание на РМ | 00:03:37 | 1,40 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:26 | 1,72 % |
| СДСМ | 00:04:15 | 1,65 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:39 | 0,25 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:39 | 0,25 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:36 | 0,62 % |
| Левица | 00:00:41 | 0,26 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:55 | 0,74 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:20 | 0,13 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:53 | 0,34 % |
| | **Вкупно: 04:18:21** | 100 % |

Во овие десет изданија на Вестите во 17.30 на ТВ Алфа, статистички најголем дел од субјектите што се појавиле во прилозите, методолошки се кодирани во категоријата *„без субјекти"*. Оваа категорија ги опфаќа прилозите поврзани со организацијата на фудбалскиот Супер Куп, со анкети и изјави на домашни и странски навивачи, граѓани, угостители и др. Потоа прилозите за почеток на уписите на универзитетите, актуелни секојдневни теми (локални теми поврзани со сообраќајниот хаос и загадувањето во Тетово, пожарите и сл.), кадешто најчесто како соговорници се јавуваат граѓаните, како и прилозите со општи информации за метереолошките услови.

Статистички втора најголема застапеност во Вестите на ТВ Алфа (39 минути и 10 секунди) има политичкиот субјект *ВМРО ДПМНЕ*, што се должи на одлуката на медиумот да известува од поголемиот број тематски прес-конференции, изјави и реакции за актуелни и актуелизирани теми на партијата, најчесто поврзани со активностите и одлуките на Владата. Кога имало реакции на засегнатите страни од информациите изнесени од ВМРО ДПМНЕ, медиумот ги пренесува и нивните ставови.

Телевизијата во вестите во неколку наврати му посвети внимание на прашањето за Предлог-законот за употребата на јазиците, при што беа пренесени експертски мислења и ставови на професорката Гордана Силјаноска – Давиткова, професорките од Институтот за македонски јазик Симона Груевска – Маџоска и Александра Ѓуркова, на професорката Билјана Ванковска, на академик Катица Ќулавкова и на поранешниот мининистер за правда Михајло Маневски, кои споделуваат иста позиција при разгледувањето на прашањето.

Во прилозите за пожарите и за метереолошките прилики континуирано се вклучени информациите од Центарот за управување со кризи и од Дирекцијата за заштита и спасување кодирани во методолошката категорија „*Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи*".

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Граѓански сектор | 00:11:20 | 13,40 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:31 | 13,62 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:25:03 | 29,62 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:10:09 | 12,00 | % |
| Собрание (позиција) | 00:04:37 | 5,46 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:12 | 3,78 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:36 | 6,62 | % |
| Влада на РМ | 00:04:42 | 5,56 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:29 | 0,57 | % |
| Други субјекти | 00:04:41 | 5,54 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:20 | 0,39 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:17 | 0,34 | % |
| Левица | 00:00:30 | 0,59 | % |
| СДСМ | 00:01:28 | 1,73 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:39 | 0,77 | % |
| | **Вкупно: 01:24:34** | 100 | % |

Застапеноста на политичкиот субјект ВМРО ДПМНЕ во Вестите на ТВ Алфа се одразува и во отстапеното време за директни обраќања на субјектите. На овој политички субјект припаѓа речиси една третина (25 минути и 3 секунди) од вкупното време одвоено за директни обраќања (1 час 24 минути и 34 секунди). Според времињата одвоени за директни обраќања, следуваат претставниците на органите на државна управа/јавни претпријатија/јавни установи, претставниците на граѓанскиот сектор, директните обраќања на претставниците на собраниската опозиција (Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ) итн.

Во десетдневниот анализиран период, ТВ Алфа во Вестите во 17.30 часот емитуваше и два новинарски осврти на актуелни теми со вкупно времетраење од 5 минути и 3 секунди. Во првиот, под наслов „*Владата на премиерот Зоран Заев е рекорд по интерпелации*", се прави осврт на интерпелациите што собраниската опозиција ги поднесе за дел од министрите во Владата. Вториот осврт со наслов „*Од стратегијата за мигрантите, Македонија може да стане привлечна за исламските милитанти*", се однесува на Нацрт стратегијата на Владата на РМ за интеграција на бегалци и странци.

***<u>Други програми</u>***

Во забавно-информативната емисија „Долго топло лето" е емитуван разговор со Зоран Шишковски, раководител на одделението за спорт во Град Скопје, за подготовките на град Скопје за Супер купот. Во

друго издание од истата емисија е емитуван разговор со градоначалникот на Општина Карпош, Стевче Јакимовски, и со претседателот на Комисијата за култура на Општина Карпош, Горан Михајлов, на тема „Културно лето Карпош 2017“. Разговорот е емитуван и во репризното издание на емисијата наредниот ден.

## ТВ КАНАЛ 5

### *Дневно-информативни емисии*

Десетте анализирани изданија на ТВ Дневникот од 18 часот, емитувани во периодот од 7 до 16 август 2017 година, опфаќаат вкупно информативно време од 5 часа 18 минути и 52 секунди, новинарски главно реализирано преку вести и извештаи, и нивните основни жанровски подвидови – вест во низа и извештај со елементи на коментар/осврт, но, доколку се земат предвид опширните прилози што се однесуваа на ексклузивниот фудбалски Супер куп, како повеќедневен централен настан за Скопје и за Републиката, тогаш жанровската разноликост ги вбројува и интервјуата, и разговорите и репортажите што требаа да ја доловат атмосферата на редок интернационален настан.

Сепак, најмногу време во вестите заземаа собраниските расправи, од кои доминантно беше проследена дебатата помеѓу ВМРО ДПМНЕ (субјект – *Собрание опозиција*) и СДСМ (субјект – *Собрание позиција*) околу смената на јавниот обвинител Зврлевски и околу интерпелациите за неколкумина нови министри во актуелната Влада. Прилозите, пак, што произлегоа од дебатата во врска со Предлог-законот за јазиците, освен стриктно партиските ставови, предвид ги земаа (преку изјави и преку интервјуа) и експертските правно-политички размислувања. Од друга страна - локалните избори, како можна основна политичка тема предвидена за т.н. „предизборен период“, медиумски сосем беше потисната во втор план, односно главно сведена на вести за организациските задолженија на Државната изборна комисија или на партиски најави за можни градоначалнички кандидати (на пример, прилозите - *„Почнаа неофицијалните меѓупартиски преговори за локалните избори“*, односно *„Политичките партии ги кријат адутите со кои ќе трчаат на локалните избори“*).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:42:44 | 13,40 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:19 | 2,61 | % |
| Собрание (позиција) | 00:07:54 | 2,48 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:18:34 | 5,82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:45:56 | 14,41 | % |
| СДСМ | 00:17:14 | 5,40 | % |
| Влада на РМ | 00:58:27 | 18,33 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:49 | 0,26 | % |
| Други субјекти | 00:29:55 | 9,38 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:58 | 5,63 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:28:00 | 8,78 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:51 | 0,89 | % |
| Беса | 00:00:25 | 0,13 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:52 | 0,27 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:25 | 2,01 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:26 | 5,78 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:27 | 0,77 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:05 | 0,97 | % |
| Левица | 00:01:41 | 0,53 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:27 | 0,14 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Демократски сојуз | 00:00:39 | 0,20 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:49 | 0,26 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:59 | 0,62 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:47 | 0,25 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:09 | 0,67 | % |
| | **Вкупно: 05:18:52** | 100 | % |

Статистички, речиси еден час ѝ беше отстапен на Владата, поради известување за нејзините редовни домашни или дипломатски активности, но и поради погореспоменатите собраниски расправи што нејзе ја земаа за директна адреса на интерес (соопштенија или реакции во врска со поднесените интерпелации за одредени министри, или пак за Предлог-законот за употребата на јазиците). Втори по застапеност се – *„органите на државната управа/јавните претпријатија/јавните установи“*, најчесто преку прилози за пожарите низ државата, прилози придружени со исповед /изјави на директно засегнати анонимни граѓани, чие време во вестите, пак, бележено е во статистичката категорија – *„без субјекти“*, но која беше најмногу исполнета со разговори и со изјави на анонимни граѓани што биле дел од атмосферата доловена преку опширните прилози за фудбалскиот Супер куп. Евидентираниот половина час за ставката – *„други субјекти“*, се однесува на анкети за испитување на јавното мислење, на ставови од универзитетски професори или на сублимат од регионални новинарски погледи за политичките односи на Балканот. Граѓанските теми и активности беа проследени преку вести и извештаи за превирањата околу преземањето на претседателството на Сојузот на синдикатите, преку ставовите на ССМ во врска со препораките и со казните за компаниите што не ги почитуваат стандардите за работа во услови на високи атмосферски температури, потоа преку извештаи и репортажи за состојбите околу опожарените подрачја во државата, но беа опфатени и теми во врска со референдумите против отворање рудници.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (опозиција) | 00:13:02 | 13,05 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:12 | 3,20 | % |
| Собрание (позиција) | 00:04:57 | 4,96 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:13 | 13,24 | % |
| СДСМ | 00:02:46 | 2,77 | % |
| Влада на РМ | 00:12:57 | 12,97 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:37 | 0,62 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:32 | 10,55 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:56 | 17,96 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:30 | 0,50 | % |
| Беса | 00:00:09 | 0,15 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:05 | 0,08 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:13 | 0,22 | % |
| Други субјекти | 00:09:51 | 9,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:59 | 8,00 | % |
| Левица | 00:00:38 | 0,63 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:36 | 0,60 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:38 | 0,63 | % |
| | **Вкупно: 01:39:51** | 100 | % |

Табелата со статистиката за т.н. *„директно обраќање“*, односно – тонски забележаните изјави на различни учесници во домашниот општествено-политички живот, претставува израз на веќе опишаните уредувачки приоритети при изборот на темите во анализираниот десетдневен период од 7 до 16 август. Најмногу време во оваа статистика е забележано за категоријата – *„експерти/аналитичари“*, главно поради поврзаноста на годишнината од Охридскиот рамковен договор со Предлог-законот за јазиците. Ургентноста на работите поврзани со опожарените подрачја е изразена преку минутажата отстапена за *„органите на државната управа/јавните претпријатија/ јавните установи“*, а зачестеноста на појавите

на опозициската ВМРО ДПМНЕ во Парламентот ја отсликуваат минутажите за субјектот *Собрание опозиција*, и за нејзините партиски активности (како повод најчесто беа земани – поднесените интерпелации), на кои ТВ Канал 5 редовно им ги сопоставуваше ставовите на СДСМ (што е видливо од претходно приложената статистика за квантитативната застапеност на овие два субјекта во вестите), но често презентирани само како извадоци од официјални партиски соопштенија, а не како тонски проследено, автентично „директно обраќање".

***Други програми***

Во десетдневниот период на анализата, предвид беа земени и делови од утринската програма „Здраво Македонијо" оформени како „отворено студио" за јавувања на гледачи по повод две поставени рецентни теми. Покрај премиерното утринско издание, емисијата се репризираше наредниот ден во раните утрински часови. Од 7 до 16 август, темите на анализираните актуелно-информативни сегменти беа следниве:

- *Владата на РМ го усвои Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата, со што ја почна законската процедура за зголемување на минималната плата на 12000 ден. Какви измени во иднина треба да претрпи минималната плата? Колку работодавците ги почитуваат законските измени кога станува збор за минималната плата и дали ја исплаќаат во целост.**Втора тема**: Собранието ги распиша локалните избори, граѓаните гласаат на 15 октомври;*

- *Од следната година пријавите за годишната даночна пријава нема да се поднесуваат во УЈП, се воведува електронски систем со кој даночната управа ќе ги собира приходите на граѓаните и ќе ги пополнува во електронска форма. **Втора тема**: Што ќе значи одржувањето на Супер купот за Скопје и Македонија?;*

- *Трудовата инспекција донела 84 забрани на работодавачи кои не ги почитувале препораките да не се работи на отворено од 11 до 17 часот. Зошто дел од работодавачите не ги почитуваат препораките и покрај предупредувањата? / **Втора тема**: Почнаа неофицијалните меѓупартиски преговори за локалните избори. Ќе се задржат ли постоечките коалиции, ќе се формираат ли нови?;*

- *Министерството за земјоделство објави два јавни повика за поддршка на млади земјоделци со вкупно 10.000 евра неповратни средства за подигање за нови повеќегодишни насади. Со овие две нови мерки, до крајот на годината ќе се овозможи директен трансфер на 6 милиони евра кај земјоделците. **Втора тема**: Како треба Македонија да постапува со бегалците доколку ни се случи нов бегалски бран?;*

- *Од Министерството за здравство најавуваат дека во план е за две до три години здравствената картичка и личната карта да бидат во едно. Ќе се распише тендер за фирма која ќе печати здравствени картички затоа што на 500.000 ќе им престане важноста до крајот на годината. **Втора тема**: Донесен Предлог-закон за употреба на јазиците. Експертите со поделени ставови. За едни носи редефинирање на државата, за други тоа е политичка одлука и има добар знак;*

- *Според последните податоци на Државниот завод за статистика, во јули годинава во однос на истиот месец лани, трошоците на живот биле поголеми за 1,2%, а цените на мало за 2,9%. Колку се согласувате со оваа статистика? **Втора тема**: Дали Предлог-законот за јазиците ќе го заокружи Рамковниот договор?;*

- *Продолжуваат проектите „Купи куќа купи стан" и „Купи куќа за млади", со кои преку субвенционирани кредити, претежно младите брачни двојки полесно доаѓаат до својот дом. Граѓаните ќе можат да аплицираат за субвенционирани станбени кредити кои ќе можат да ги користат за изградба или доградба на куќа или за купување на нов стан. **Втора тема**: Какви промени ѝ се потребни на јавната администрација?;*

*- По седум години ССМ има нов претседател. Колку синдикалните организации стојат зад работниците и ги застапуваат нивните права? **Втора тема:** Владата е фокусирана на решавање на спорот со името. Дали очекувате напредок во преговорите по доаѓањето на Коѕијас?*

## ТВ СИТЕЛ

### *Дневно информативни емисии*

Во првиот десетдневен извештаен период (7-16 август 2017), мониторирани се десет изданија на Дневникот во 19 часот и осум изданија на Бизнис вестите (кои не се емитуваат во текот на викендот), со вкупно времетраење од 4 часа 35 минути и 38 секунди (4 часа 30 минути и 55 секунди претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави, и 4 минути и 43 секунди аналитички жанрови).

Најчести се извештаите, има и вести и соопштенија од партии и институции, репортажи за УЕФА Супер купот (пристигнувањето на спортистите, забавата за фановите од земјата и странство, мерките за безбедност итн.), една анализа - за сегашните и поранешните интерпелации. При известувањето се настојува да се презентираат две или повеќе различни гледишта.

*Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:44:43 | 16,51 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:10 | 3,75 | % |
| Други субјекти | 00:18:44 | 6,91 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:10:10 | 3,75 | % |
| Без субјекти | 00:46:44 | 17,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:46:02 | 16,99 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:20:40 | 7,63 | % |
| СДСМ | 00:08:42 | 3,21 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:15 | 1,20 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:36 | 2,07 | % |
| Собрание (позиција) | 00:10:31 | 3,88 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:23 | 6,42 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:03 | 6,29 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:42 | 1,00 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:04 | 2,24 | % |
| Левица | 00:00:45 | 0,28 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:18 | 0,11 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:51 | 0,31 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,20 | % |
| | **Вкупно: 04:30:55** | **100** | **%** |

Значајно време беше издвоено за Владата (преку информации за промените на лицата на раководни позиции во институциите), за редовните активности на министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство, за труд и социјална политика, за здравство, финансии и др., како и за изјавите и соопштенијата на МВР во врска со УЕФА Супер купот, и за случаите со пукањето во две момчиња во Струмица и убиството на Дилавер Бојку Леку во Струга (црна хроника).

Редовно се следеше состојбата со пожарите со информации од надлежните органи (ЦУК и ДЗС).

Во низа се известуваше за расправата во Собранието за разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски, потоа за дискусијата за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци (со

излагања на повеќе градоначалници од ВМРО ДПМНЕ), како и за интерпелациите поднесени за повеќе министри и реакциите за нивното покренување.

Фокусот во известувањето за политичките партии беше ставен врз ВМРО ДПМНЕ и СДСМ при што се пренесуваа ставовите/реакциите на двата субјекти. Од другите партии имаше информации за Левица и ГРОМ.

Телевизијата информираше и за настани и состојби низ државата преку дописничка мрежа - (од Охрид имаше информации од Капетанијата и за вработувањата; пресушувањето на реката Лакавица).

Известувањето за состојбите во Сојузот на синдикати на Македонија започнува со обвинувањата на Живко Митревски дека министерката за труд и социјална политика Мила Царовска се меша во синдикалните работи, преку демантите од МТСП, промената на раководството и доаѓањето на Дарко Димовски на функцијата претседател и продолжува по смената, преку спротивставување на ставовите на новото раководство за наводен криминал во работата на Митревски и неговото негирање.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Граѓански сектор | 00:09:13 | 12,11 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:09 | 18,59 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:10:15 | 13,47 | % |
| Собрание (позиција) | 00:06:35 | 8,65 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:58 | 13,09 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:14 | 2,93 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:31 | 7,25 | % |
| Влада на РМ | 00:07:59 | 10,49 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:25 | 1,86 | % |
| Други субјекти | 00:04:12 | 5,52 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:18 | 3,02 | % |
| Левица | 00:00:36 | 0,79 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:42 | 0,92 | % |
| СДСМ | 00:01:00 | 1,31 | % |
| | **Вкупно: 01:16:07** | | |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за субјектите кодирани како *Органи на државна управа/јавни претпријатија/јавни установи (14 минути и 9 секунди)*, преку активностите и изјавите на: докторите од јавните здравствени установи и Брзата помош; Агенцијата за храна и ветеринарство; ЦУК; Управата за хидрометеоролошки работи; противпожарните единици; Агенцијата за вработување; Институтот за јавно здравје и комисијата за топлотни бранови; Капетанијата на пристаништата Охрид; УЈП; ЈП Водовод и Канализација; директори на средни училишта; ЈП Прилепско Поле Прилеп; Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот и др. Споредено по јавни појавувања од партиски активности, било во Парламентот било како поединечни партиски полемики и активности за различни општествено-политички теми, најзастапена е (Коалицијата на) ВМРО ДПМНЕ. На овој политички план, тематска преокупација во Дневникот во 19 часот беа собраниските расправи околу разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски, интерпелациите кои ги поднесоа за одредени министри, дискусијата за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци и др. Граѓанскиот сектор е застапен со 9 минути и 13 секунди, најмногу поради вестите поврзани со превирањата во ССМ.

Извештаите ретко имаат коментаторски елементи, а во овие десет дена емитуван е еден аналитички прилог (на 11 август 2017 година ) - за интерпелациите кон досегашните влади и министри.

Се известува за редовни и релевантни активности на локалната самоуправа или на јавните претпријатија на локално ниво со учество на градоначалниците. Некои од прилозите се однесуваат на настани кои според Насоките на ОБСЕ/ОДИХР[1] се категоризираат како вистинити, но маргинални настани

[1] Според Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите од 2009 година, на ОБСЕ/ОДИХР, Директоратот за човекови права и Венецијанска комисија на Советот на Европа и Европската комисија активностите на властите

што би можело да се претвори во известување во функција на изборно медиумско претставување (на пример, прилозите „Град Скопје летово реновира 13 средни училишта за што издвои 27 милиони денари" и „Се чистат одводните канали во прилепско пред претстојните есенски дождови", емитувани на 15 август).

***<u>Други програми</u>***

Во извештајниот период, гледачите на утринската контактна програма *Ја сакам Македонија* која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела, во делот за контакт со гледачите насловен *На дневен ред* го изразуваа своето мислење на следниве теми:

- *Актуелните проблеми на граѓаните со водоводот и со патните правци (7 август),*
- *На дневен ред е фудбалот! Конечно дојде денот Д! Скопје е град домаќин на Мадрид и Манчестер, Скопје е град домаќин на цела Европа... Ќе ја оправда ли Скопје довербата на УЕФА? (8 август),*
- *„Како сте задоволни од супер купот? Какви домаќини беа Скопје и Македонија? Дали достојно ги пречекавме фудбалските великани?" (9 август),*
- *„Кој ја опструира работата во Собранието, власта или опозицијата? Повторно реагираа од обезбедувањето, дел пратеници бојкотираат, дел галамат" и „Ќе никнат ли бегалски кампови низ Македонија?" (10 август),*
- *„Владата секојдневно со нови советници, директори, управители... Меѓу нив пејачи, актери, водители, новинари... Квалитетен кадар или партиски решенија?" и „Газдите немаат милост кон работниците на пеколните температури. Над 100 пријави за само неколку денови. Се работи на +42 степени." (11 август),*
- *Отворени теми - граѓанска дебата (14 август),*
- *„Дали често полицијата ги злоупотребува своите овластувања? Какви се вашите искуства во контакт со македонската полиција?", „Очекувате ли ескалација и воен судир помеѓу САД и Северна Кореја? Може ли светот да биде вовлечен во трета светска војна?" (15 август),*
- *„Бујар Османи - Владата се фокусира на решение за името! Можно ли е брзо решение со Атина?" и „Турбулентно во Вардар! Сопственикот се повлекува, тренерот си даде оставка! Има ли ваков разнишан Вардар шанса со Фенербахче" (16 август).*

Во емисијата за домашни миленичиња „Пријатели" како гостин се појавува актуелниот пратеник од редовите на ВМРО ДПМНЕ Јохан Тарчуловски.

Во овој десетдневен период емитувани се три продолженија (шесто, седмо и осмо) од емисијата *„Патот на ВМРО ДПМНЕ"*. Во нив, документаристичката визура се користи за, на гледачите, да им се претставaт видувањата на ВМРО ДПМНЕ за настаните од поновата историја на Република Македонија. Во емисиите, за расколот и подоцнежното обединување на оваа Партијата, за изборите во изминатите петнаесетина години, за активностите, проектите и одлуките на владите предводени од ВМРО ДПМНЕ, зборуваат претседателот на партијата Никола Груевски, повеќемина од поранешните министри, поранешни и сегашни членови на ВМРО ДПМНЕ како и аналитичари и експерти. Притоа, неретко се искажуваат критики кон СДСМ, а особено внимание се посветува на пофалби за проектите и работата на владите на ВМРО ДПМНЕ. Емисиите можат да послужат за изборно медиумско претставување на ВМРО ДПМНЕ.

---

можат да бидат „вистинити и релевантни (како национални празници или годишнини), вистинити, но маргинални (како отворање јавни објекти) или псевдонастани (настани создадени и управувани од власта со цел да се добие подобро или пошироко медиумско покривање). Цитирано во Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси http://www.avmu.mk/images/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

## ТВ ТЕЛМА

### *Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период (7-16 август 2017г.) се опфатени десет изданија на Вестите во 18 часот и 30 минути на Телевизија Телма. Вкупната информативна минутажа од 4 часа 32 минути и 34 секунди, новинарски е главно обработена низ основните жанровски форми на извештаи и вести, но исто така со репортажи (за Супер купот на УЕФА, заедничката воена вежба на Криволак „Драгон гардијан" и за учеството на АРМ во гасењето на пожарите) и со интервјуа со министри – вицепремиерот Бујар Османи и министерот за финансии Драган Тевдовски.

Прилозите во Дневникот на Телевизија Телма обично информираат за ставовите на повеќе субјекти поврзани со темата и известуваат автентично, преку директни обраќања или каде што тоа не можеле да го обезбедат, преку телоп на екранот со фотографија на лицето кое дало изјава или писмено соопштение.

Значајното присуство на Владата на Република Македонија како субјект во вестите и преку директни обраќања, се должи на интервјуата со вицепремиерот Бујар Османи и со министерот за финансии Драган Тевдовски. Акценти од интервјуата се емитувани во почетокот, а интегрално - на крајот од вестите. Интервјуто со вицепремиерот Бујар Османи се однесува на решавање на отворените прашања со соседите на Република Македонија, како прашањето за името со Грција, но и за Предлог - законот за употреба на јазиците во Република Македонија, а министерот за финансии Драган Тевдовски одговара на прашања поврзани со ребалансот на Буџетот на Република Македонија. Освен ова, се информира и за активностите на Владата (именување директори и одлуки од седници).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 01:01:02 | 22,39 | % |
| Граѓански сектор | 00:22:19 | 8,19 | % |
| Други субјекти | 00:22:29 | 8,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:23:21 | 8,57 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:14:31 | 5,33 | % |
| Собрание (позиција) | 00:08:25 | 3,09 | % |
| Без субјекти | 00:38:52 | 14,26 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:56 | 1,08 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:50 | 4,34 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:56 | 7,31 | % |
| СДСМ | 00:04:56 | 1,81 | % |
| Судство | 00:11:11 | 4,10 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:00 | 2,20 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:11 | 0,80 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:32 | 0,20 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:32 | 0,20 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:32 | 0,20 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:52 | 1,05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:30 | 0,92 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:03 | 2,22 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:09 | 0,42 | % |
| АРМ | 00:07:03 | 2,59 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:22 | 0,50 | % |
| | **Вкупно: 04:32:34** | **100** | **%** |

Темата за партиските активности поврзани со Локалните избори, како актуелен политички процес, застапена е незначително во однос на тековните партиски расправи во Собранието на Република Македонија. Забележително време им е отстапено на собраниската расправа за разрешувањето на јавниот обвинител Марко Зврлевски, интерпелациите за министрите поднесени во Собранието од страна на пратениците на ВМРО ДПМНЕ, проблемите на релација ССМ - МТСП и смената на Живко Митревски од позицијата претседател на ССМ, а интересот за оваа тема продолжува и по неговата смена, односно се информира и за утврдувањето наводни неправилности во неговото работење од страна на новото раководство.

Во неколку наврати се актуелизира темата за Предлог-законот за јазиците преку различните ставови на професорот Осман Кадриу, професорката Симона Груевска Маџовска од Институтот за македонски јазик и вицепремиерот Бујар Османи.

ТВ Телма редовно до граѓаните ги пренесуваше информациите од Центарот за управување со кризи во врска со пожарите.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:20:49 | 29,20 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:27 | 3,44 | % |
| Собрание (позиција) | 00:03:27 | 4,84 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:07:28 | 10,47 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:29 | 0,68 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:40 | 10,76 | % |
| Други субјекти | 00:05:05 | 7,13 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:03 | 5,68 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:13 | 1,71 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:50 | 13,79 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:39 | 2,31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:10 | 0,23 | % |
| СДСМ | 00:00:57 | 1,33 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:58 | 2,76 | % |
| АРМ | 00:02:36 | 3,65 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:28 | 0,65 | % |
| Судство | 00:00:58 | 1,36 | % |
| | **Вкупно: 01:11:17** | 100 | % |

Застапени се и темите од поширок јавен интерес, односно теми кои не се поврзани со изборите или актуелната политичка ситуација, туку со другите сфери на општественото и социјалното живеење. Во централното издание на вестите на Телма, како што е вообичаено, особено во рубриката „Живот" и „Економија", присутни се локални теми и проблеми, подготвени од репортерската дописничка мрежа на Телевизијата. Општината Тетово е најзастапена преку прилози за снабдувањето со вода, дивата депонија, неасфалтирањето на тротоарите, хаосот во сообраќајот, недостигот од доволни капацитети во градинките, за тоа дека летната посета на тетовските печалбари ја придвижиле економијата во градот. Од Подмоље, охридско, беше известувано за проблемот со водоснабдувањето и рестрикциите на водата за пиење; од Штип за состојбата со хигиената во штипската болница, и за влијанијата на климатските промени во земјоделието и пчеларството; од Македонска Каменица за отворањето на канцеларијата на Италијанскиот синдикат. Повеќе општини се присутни преку темата за состојбата со пожарите (пожарот кај Трескавец, пожарите во Македонски Брод, Кондово и други).

# КАБЕЛСКИ ТВ

## ТВ 21 – М

### *Дневно-информативни емисии*

Во првиот десетдневен период предмет на анализа на програмата на ТВ 21-М беа Вестите емитувани во 18 часот и 30 минути (*21 Live news / Magazine informative*). Вкупното времетраење на прилозите опфатени со анализата е 3 часа 32 минути и 22 секунди. Доминантно се застапени претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментаторски елементи), на коишто отпаѓа целокупното време од анализираните прилози.

Известувањата за редовните активности на претставниците на власта, за Предлог-законот за јазиците, информациите за надминувањето на проблемите со Хрватска во сферата за земјоделието, смените на директорските места во многу институции, билтените на МВР, економските теми (минимална плата, нерамномерен економски развој, исплата на субвенции), пожарите, средбите на дел од владините министри со странски претставници, разговорот со вицепремиерот Б.Османи околу 16 годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, се прилозите коишто придонесуваат за застапеноста на Владата како субјект во Вестите. Информациите за атмосферата во Скопје поврзана со одржувањето на Суперкупот во фудбал, известувањето за инфраструктурни проблеми на граѓаните, социјалните проблеми, но и за уписите на идните студенти на факултетите го оправдуваат присуството на категоријата „Без субјекти", кадешто најчесто како соговорници се јавуваат граѓаните.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:16:08 | 7,60 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:13 | 2,46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:55 | 8,91 | % |
| Без субјекти | 00:37:57 | 17,87 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:22 | 3,00 | % |
| Собрание (позиција) | 00:05:54 | 2,78 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:12:33 | 5,91 | % |
| Влада на РМ | 00:47:54 | 22,56 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:13 | 3,40 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:33 | 4,50 | % |
| СДСМ | 00:04:51 | 2,28 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:12 | 8,10 | % |
| Беса | 00:00:59 | 0,46 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:59 | 0,46 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:59 | 0,46 | % |
| Судство | 00:01:36 | 0,75 | % |
| АРМ | 00:01:40 | 0,78 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:00 | 0,94 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:58 | 0,46 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:16 | 0,60 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:16 | 1,54 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:21 | 0,64 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:56 | 0,91 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:00 | 1,41 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:21 | 0,16 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:35 | 0,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:41 | 0,32 | % |
| | Вкупно: 03:32:22 | 100 | % |

Медиумот редовно известуваше за работата на Собранието и собраниските расправи околу разрешувањето на Јавниот обвинител, поднесените интерпелации за дел од министрите во Владата итн. Во фокусот на интерес беше и справувањето со пожарите, пренесувајќи ги сите информации што доаѓаа од Дирекцијата за заштита и спасување или Центарот за управување со кризи, како органи на државна управа. Ги следеше и случувањата околу преземањето на претседателството во Сојузот на синдикати на Македонија, а од граѓанскиот сектор уште известуваше за поднесената тужба кон судии на Здружението „Зелена лупа", активностите на невладината „Цивил" и др.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:03:25 | 9,33 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:07 | 3,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:45 | 7,51 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:36 | 1,64 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:04:19 | 11,79 | % |
| Собрание (позиција) | 00:02:28 | 6,74 | % |
| Влада на РМ | 00:08:35 | 23,44 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:19 | 14,52 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:28 | 4,01 | % |
| Беса | 00:00:56 | 2,55 | % |
| СДСМ | 00:00:35 | 1,59 | % |
| АРМ | 00:00:18 | 0,82 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:09 | 3,14 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:26 | 1,18 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:13 | 3,32 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:13 | 0,59 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:07 | 3,05 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:11 | 0,50 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:27 | 1,23 | % |
| | Вкупно: 00:36:37 | 100 | % |

Вкупното времетраење на директните обраќања е 36 минути и 37 секунди. Застапеноста по субјекти на некој начин ја следи застапеноста на субјектите прикажана во првата табела. Позначаен простор е одвоен за директните обраќања на владините претставници, претставниците на граѓанскиот сектор и претставниците на собраниската опозиција, во овој извештаен период претставена преку пратениците на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ.

***Посебни информативни емисии***

Во периодот од 7 до 16 август, се емитувани неколку изданија на информативната емисија „10 минути". Беше емитуван разговор со Диме Попоски, директор на Агенцијата за супервизија на осигурувања. Едно од изданијата на „10 минути" беше посветено на средбата што заменик-премиерот Бујар Османи ја имал со дел од амбасадорите во Скопје и неговиот говор во врска со ЕУ и НАТО интеграциите. Во рамки на емисијата беше одвоен простор за градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски и генералниот секретар на ФФМ, Филип Поповски, во врска со одигрувањето на Супер купот во Скопје.

Во другите изданија на емисијата, во фокусот на интерес беа: Завршната вежба на Криволак, реализирана од американската и македонската војска, справувањето со пожарот околу населеното место Кондово крај Скопје.

## ТВ АРТ ЧАННЕЛ

### *Дневно-информативни емисии*

Анализирана е централната дневно-информативна емисија што секојдневно се емитува во 18 часот и 45 минути. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со општествено-политичките случувања во земјава, во текот на десетдневниот период, е 3 часа, 4 минути и 3 секунди. За настаните медиумот известува користејќи ги претежно информативните жанрови, вест и извештај.

Информациите за редовните активности на Владата (нејзините министерства и владините претставаници) придонесуваат овој субјект да биде застапен со речиси 1/5 во вкупното време на анализираните прилози. При информирањето за теми како што се Охридскиот рамковен договор, спорот за името со Грција, даночно затајување, законите со кои се регулира работата на државната администрација, мислењето на Антикорупциска комисија во врска со најавената смена на Јавниот обвинител Марко Зврлески и др., медиумот значаен простор одвои за ставовите по тие прашања на експерти/аналитичари од конкретната област.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:20:24 | 11,08 | % |
| Влада на РМ | 00:36:44 | 19,96 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:44 | 4,20 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:30:38 | 16,64 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:48 | 6,95 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:30 | 2,44 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:19:28 | 10,58 | % |
| Собрание (позиција) | 00:09:15 | 5,03 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:59 | 3,79 | % |
| АРМ | 00:00:10 | 0,09 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:50 | 3,17 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:48 | 0,98 | % |
| Други субјекти | 00:13:31 | 7,34 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:14 | 0,67 | % |
| Судство | 00:00:54 | 0,49 | % |
| Беса | 00:01:09 | 0,62 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:15 | 1,77 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:29 | 0,81 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:30 | 1,90 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:20 | 1,27 | % |
| СДСМ | 00:00:23 | 0,21 | % |
| | **Вкупно: 03:04:03** | 100 | % |

Информациите поврзани со атмосферата во главниот град во врска со одигрувањето на европскиот Супер куп во фудбал, но и известувањето за теми (од сферата на здравството, земјоделието, конфликтот од 2001 година и др.) каде медиумот преку изјави на граѓаните директно го пренесува нивниот став, придонесуваат за застапеноста на категоријата методолошки кодирана како „*без субјекти*".

Значителен простор во вестите медиумот одвои и за собраниските расправи посветени на разрешувањето на Јавниот обвинител Марко Зврлевски, како и барањата за интерпелација од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ на разни министри на Владата, реплики и котрареплики од самите пратеници на коалицијата итн.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Експерти/аналитичари | 00:13:34 | 30,69 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:09 | 7,13 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:07:38 | 17,27 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:31 | 5,69 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:44 | 1,66 | % |
| Влада на РМ | 00:04:33 | 10,29 | % |
| Други субјекти | 00:02:00 | 4,52 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:08 | 2,56 | % |
| Собрание (позиција) | 00:03:54 | 8,82 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:05 | 4,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:24 | 3,17 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:52 | 1,96 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:40 | 1,51 | % |
| | **Вкупно: 00:44:12** | 100 | % |

Одвоениот простор за пренесување на ставовите на експерти/аналитичари во првата табела, телевизијата го надополнува и со даденото време за директни обраќања, коешто зазема речиси една третина (13 минути и 34 секунди) од вкупното време одвоено за директни обраќања. Следуваат директните обраќања на пратениците од опозицијата, како резултат на собраниските расправи и директните обраќања на владините претставници.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во извештајниот период (од 7 до 16 август) беше емитувана една дебата, реализирана во рамки на емисијата „Зиг Заг". На тема „Диви депонии – како до нивно решавање" дебатираа Беса Татеши, претставничка од Министерството за животна средина, Аријанит Џафери од НВО Еко Герила и градоначалникот на Гостивар, Невзат Бејта.

ТВ НОВА

***Дневно информативни емисии***

Примерокот за анализа во првиот десетдневен период од мониторингот (од 7 до 16 август 2017г.) се состои од десет изданија на вести на ТВ Нова емитувани во 19 часот под наслов Обсервер и Дневен бриф, од кои се анализирани прилози со вкупна минутажа од 4 часа 30 минути и 41 секунди.

При новинарската обработка на темите преовладуваше жанрот извештај (понекогаш коментаторски извештај), повремено, во зависност од информативниот капацитет на темата, се користеше вест, се пренесуваа соопштенија од партии или институции, а известувањето за одржувањето и организацијата на натпреварот за Супер купот на УЕФА во Скопје, се третираше и преку репортажи. Во

вестите се реализирани и три интервјуа: со проф. Гордана Силјаноска - Давкова (во врска со Предлог-законот за употребата на јазиците), со пулмологот д-р Анѓелко Ѓорчев (за опасностите што за здравјето ги предизвикува чадот од пожарите) и со проф. Владо Поповски (за Охридскиот рамковен договор).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:14:01 | 5,23 | % |
| Други субјекти | 00:20:20 | 7,59 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:09:51 | 3,67 | % |
| Влада на РМ | 00:38:50 | 14,49 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:25:06 | 9,36 | % |
| Собрание (позиција) | 00:13:17 | 4,96 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:31:37 | 11,80 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:42:27 | 15,84 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:33 | 2,07 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:58 | 1,85 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:37 | 6,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:24:19 | 9,07 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:45 | 2,15 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:43 | 0,27 | % |
| СДСМ | 00:07:51 | 2,93 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:33 | 0,21 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:33 | 0,58 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:20 | 0,87 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:22 | 0,14 | % |
| | **Вкупно: 04:28:03** | **100** | **%** |

Во поглед на темите кои се обработуваат, најзастапени се известувањата од Собранието на РМ, каде се одвиваше расправа за разрешување на државниот јавен обвинител Марко Зврлевски, комисиските седници посветени на Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, и интерпелациите што пратениците на ВМРО ДПМНЕ ги поднесоа за министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, министерот за надворешни работи Никола Димитров, министерот за финансии Драган Тевдовски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, министерот за животна средина Садула Дураку и министерот за култура Роберт Алаѓозовски. Притоа, најмногу време имаат добиено пратеничките групи на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Како што покажуваат податоците од Табела 1, најголем простор ТВ Нова оддели за опозициската партија ВМРО ДПМНЕ и при нејзините активности на терен, прес-конференции, соопштенија и реакции до јавноста (42 минути и 27 секунди).

На второ место со застапеност во прилозите во вестите на ТВ Нова е Владата на РМ (38 минути и 50 секунди), преку известувања за состојбата со пожарите на Министерството за шумарство и водостопанство, соопштенијата на Министерството за финансии за владините задолжувања, како и за известувањата за инцидентот во Струмица со застреланите момчиња и убиството на Дилавер Бојку, преку соопштенија/изјави од МВР. При известувањето за активностите на Владата се пренесуваат/спротивставуваат ставовите на ВМРО ДПМНЕ. За реакциите на СДСМ се известуваше преку партиските соопштенија.

Телевизијата секојдневно ја следеше состојбата со пожарите во државата преку информациите од Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.

Медиумот во неколку наврати му посвети внимание на прашањето за Предлог-законот за употребата на јазиците, при што се пренесуваа експертски мислења и ставови на проф. Гордана Силјаноска – Давкова, професорките од Институтот за македонски јазик Симона Груевска-Маџоска и Александра Ѓуркова, проф. Димитар Апасиев како и на академик Катица Ќулавкова кои споделуваат иста позиција при разгледувањето на прашањето. На оваа тема има и неколку коментаторски извештаи во кои

се пренесени изјавите на вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи (законот за јазиците е затворено прашање) и на лидерот на ДУИ Али Ахмети (албанскиот јазик да се користи и за меѓународна употреба).

Во деновите кога беше актуелна смената на врвот на Сојузот на синдикатите на Македонија – развојот на настаните се следеше во низа: од обвинувањата на Живко Митревски дека министерката за труд и социјална политика Мила Царовска се меша во синдикалните работи, преку смената на Митревски со Дарко Димовски, и потоа обвинувањата на новото раководство за наводно криминално работење на Митревски и неговиот демант.

Во првите неколку дена од анализата значајно е присуството на прилози за организацијата и подготовките за Супер куп натпреварот меѓу Манчестер и Реал Мадрид кој се играше во Скопје. Медиумот преку репортажи од центарот на градот, анкети со граѓани и странски туристи ја доловуваше атмосферата која преовладуваше пред одржување на натпреварот. Медиумот информираше и за преземените мерки за безбедност од страна на МВР и Град Скопје, како и за случувањата во фан зоните низ градот.

Како логична последица од малиот број активности поврзани директно со Локалните избори 2017 - мало е присуството и на прилози на оваа тема.

Телевизијата анализираше прашања битни за надворешната политика на државата преку неколку коментаторски извештаи. Пример за овој тип прилози е новинарската анализа *„Катимерини: Софија, Скопје и името"* во која најпрвин се пренесени делови од статијата на грчкиот весник Катимерини за потпишаниот договор за добрососедство помеѓу Македонија и Бугарија и за тоа какво влијание може ова да има во спорот за името помеѓу Македонија и Грција. На ова со своја анализа се надоврзува новинарот Христо Ивановски, кој дава свое видување за неодамнешните случувања и за тоа што може да очекува Македонија со најавеното доаѓање на Нимиц во септември.

За локалната самоуправа се информира преку редовните активности на градоначалникот на Скопје при организацијата на Супер купот и манифестацијата Супер Скопје, како и преку дискусиите на повеќе градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ при расправата во Собранието за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци.

На 7 август, ТВ Нова емитуваше прилог *„Груевски во Зелениково: Владата не покажува грижа за пожарите"*, за посетата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски и други членови на оваа партија на местата зафатени со пожар во Зелениково. Притоа, присутен беше и градоначалникот на Скопје Коце Трајановски и беше прекажана негова изјава од позиција на градоначалник. Ваквиот прилог може да се смета како известување во функција на изборно медиумско претставување на ВМРО ДПМНЕ.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:05:40 | 5,30 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:20 | 4,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:11 | 9,53 | % |
| Собрание (позиција) | 00:05:39 | 5,29 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:17:21 | 16,23 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:27:51 | 26,06 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:12 | 1,12 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:46 | 2,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:38 | 9,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:14 | 11,45 | % |
| Влада на РМ | 00:05:44 | 5,36 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:09 | 1,08 | % |
| СДСМ | 00:02:08 | 2,00 | % |
| | **Вкупно: 01:46:53** | | |

Од втората табела, каде што се прикажани директните обраќања на субјектите за овој период, се забележува дека најмногу директни обраќања во Вестите во 19 часот добиле претставниците на партијата ВМРО ДПМНЕ со речиси 28 минути отстапени за партиските прес-конференции во врска со именувањата

на новите кадровски решенија од страна на Владата, договорот за добрососедство со Бугарија, состојбата со пожарите низ Република Македонија, повикувањето на одговорност на министрите од Владата, како и за инцидентот со момчињата повредени од Полицијата во Струмица.

На второ место по времетреање на директните обраќања се пратениците од ВМРО ДПМНЕ, кои се единствените пратеници од опозицијата во Собранието на кои им е отстапено време во вестите преку директни обраќања (17 минути и 21 секунда). Пратениците од опозицијата најчесто се обраќаа од собраниската говорница на расправите за разрешување на државниот јавен обвинител Марко Зврлевски и информирањето за јавноста за поднесените интерпелации за министрите во Владата. Со 12 минути во вестите, преку изјави од студио и преку кратки телефонски интервјуа, застапени се експерти/аналитичари кои даваа свои мислења и анализи за прашањата актуелни во изминатиов период.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Интервјуа*

Во периодот од 7 до 16 август емитувани се следниве интервјуа: Со генералниот секретар на ФФМ, Филип Поповски и со Александар Зелениковски, основач на фан клубот на Манчестер Јунајтед во Македонија, на тема *„Скопје одбројува ситно до големиот спектакл – Супер купот на УЕФА“*; со новинарот Христо Ивановски на тема *„Законот за јазици“*; со историчарите Никола Србов и Александар Стојчев во емисијата Досие со Анита Петровска - Рајковиќ на тема *„Геноцид“*; во спортското издание на Отворено студио, на темите *„Можен ли е подем на македонската женска кошарка?“* и *„Потенцијалите на пливањето во Македонија“*, во студиото гостуваа Јелена Антиќ, македонска кошаркарка и Томи Стефановски, пливач. На 16 август контактната емисија Бумбар не беше емитувана, а во нејзиниот редовен термин новинарот Дејан Андоновиќ разговараше со неговиот колега Христо Ивановски на тема *„Што и се случува на Америка“*.

### *Актуелно информативни емисии*

Во овој десетдневен период за мониторинг, емитувани се седум изданија на актуелно-информативната програма *„Бумбар“*, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа на Фејсбук. Емисијата е така конципирана што гледачите гласаат со бел или црн бумбар за двете зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Од 7 до 16 август, темите за кои граѓаните можеа да го искажат својот личен став беа:

- *„Владата го усвои законот за јазиците“, „Локалните избори закажани за 15 октомври“ (премиера 7 август, реприза на 8 август);*
- *„Скопје домаќин на мечот Манчестер Јунајтед – Реал Мадрид“, „ВМРО ДПМНЕ поднесе интерпелација за министерката Царовска“ (премиера 8 август, реприза на 9 август);*
- *„Џафери повика обезбедување за пратениците од ВМРО ДПМНЕ“, „ВМРО ДПМНЕ бара интерпелација за министерот Димитров“ (премиера 9 август, реприза на 10 август);*
- *„Законот за јазици влезе во собраниска процедура“, „ВМРО ДПМНЕ поднесе интерпелација за министерот Тевдовски“ (премиера 10 август, реприза на 11 август);*
- *„Сергеј Самсоненко заминува од Вардар“, „Каракачанов: Ако не се почитува договорот, ќе има санкции“ (премиера 11 август, реприза на 12 август);*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Интерпелација и за министерот Алаѓозовски, „Нема веќе дисперзирани студии на УКИМ“ (премиера 14 август, реприза на 15 август);*
- *„Османи: Владата се фокусира на прашањето за името“, „Ново задолжување на државата од 44 милиони евра“ (премиера на 15 август, реприза на 16 август);*

Премиерното издание на емисијата Бумбар е во 18 часот, секој ден од понеделник до петок, со две редовни реприза следниот ден во 1 часот по полноќ и во 8 часот наутро.

На 9 август во 12 часот и 45 минути беше емитувано получасовно директно вклучување од Собранието на РМ на прес-конференцијата на која пратениците на ВМРО ДПМНЕ Илија Димовски и Антонијо Милошоски ја информираа јавноста за поднесената интерпелација за министерот за надворешни Никола Димитров, нивниот став за предложениот закон за јазици, како и за работата на Собранието во изминатиот период.

На 13 август беше емитувана Репортажа за поплавите во Стајковци, по повод една година од случувањата. Анектирани се граѓани од Стајковци и соседните села и населби, а емитувано е и кратко интервју со д-р Ванчо Ѓорѓиев.

*Дебати*

Во периодот од 7 до 16 август во редовниот термин во 20 часот и 30 минути емитувани се и седум дебатни емисии, *„Отворено студио"* и *„Аргументи"*.

- *„Што е поголем грев Македонија или македонизмот"*, гости во студиото се иницијаторите за овој серијал на емисии, Сотир Костов и Предраг Димитровски, како и Крсте Јовановски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ. Нема претставници на други политички партии. *(премиера на 7 август, реприз на 8 август)*;
- *„Стратегија за бегалци ќе има – бегалци нема"*, со претставниците од граѓанскиот сектор Златко Симоновски – Институт за креирање на политика и Марија Андреева – Институт Охрид *(премиера на 9 август, реприз на 10 август)*;
- *„За или против геј бракови"*, тема на која дискутираа психологот Мирјана Јовановска, пратеникот од ВМРО ДПМНЕ Влатко Ѓорчев, со директен линк во студиото беше вклучен Горан Гелевски, психолог, а на почетокот е емитувана снимка од разговор со д-р Ѓорѓи Стојановски од Гевгелија. Водителката изјави дека консултирала и претставници од здруженија што се занимаваат со правата на ЛГБТ заедницата, но поради одмори не биле во можност да присуствуваат. Нема претставници на други политички партии. *(премиера на 10 август, реприз на 11, 15 и 16 август)*;
- *„Што е поголем грев Македонија или македонизмот"*, последно издание од овој серијал. Освен иницијаторите Димитровски и Костов, гостуваат аналитичарот Ристо Никовски и уметникот Ацо Станковски *(премиера на 11 август, реприз на 12 август)*;
- *„Една година од поплавите, ТВ Нова во Стајковци"*, на годишнината од поплавите во студиото дебатираат Тони Бојковски, жител на Стајковци и вработен во општината, Ана Петровска, директорка на ОУ „Кирил и Методиј" – Стајковци и Благојче Трпковски од Црешево *(премиера на 12 август, реприз на 13 август)*;
- *„Смрт во Македонија – Убиства, самоубиства, се повеќе сообраќајки"* ова издание е реприза на емисија која е емитувана пред да бидат распишани Локалните избори. На темата дискутираат Ристо Манчев од РБСП, новинарот Дејан Андоновиќ, психологот Мирјана Јовановска и социологот Зоран Петрушевски *(прва реприза на 14 август и уште 3 реприз следниот ден)*;
- *„Каква стратегија за бегалци ни треба"*, дебата со Фросина Ташевска Ременски – потпретседателка на СДСМ и Влатко Ѓорчев од ВМРО ДПМНЕ. *(премиера на 16 август, реприз на 17 август)*.

## ТВ ШЕЊА

***Дневно-информативни емисии***

Од 7 до 16 август, периодот од десет дена анализирани за да се добие увид во медиумското известување за предизборниот период од распишаните локални избори, вкупното информативно време од изданијата на ТВ Дневникот на ТВ Шења емитуван во 19 часот, изнесува – 3 часа 32 минути и 40 секунди.

Најчестите теми, оние што се повторуваат низ десетневниот период и го преокупираат дневниот новинарски ангажман преку вести и извештаи, произлегуваа од собраниските расправи доминантно водени од ВМРО ДПМНЕ (статистички бележена како – *„Собрание/опозиција"*, но, во оваа ставка влезе и ситната минутажа за ставови на опозициската БЕСА, посебно против начинот на кој се распределуваат јавните функции), во врска со смената на Јавниот обвинител Зврлевски и со интерпелациите за повеќе од новопоставените министри. Оттаму и забележителното време отстапено за медијаторската улога на Талат Џафери, спикерот на Собранието чие задолжение, меѓу другото, е да воспостави ред според Деловникот на Парламентот (бележено во категоријата – *„Собрание"*), како и времето отстапено за репликите на СДСМ (во оваа смисла бележено во ставката – *„Собрание / позиција"*). Споредбено со овие повторливи теми, распишаните локални избори, како тековен политички процес, медиумски беа ставени во втор план. ТВ

Шења на локалните теми им приоѓа низ призмата на граѓанинот што секојдневно се соочува со потреби и со проблеми непосредно произлезени или од нефункционалната локална инфраструктура или од супстандардните услови за живот и за работа. Овие настани се бележени во категоријата – *„без субјекти“*, поради медиумското прикажување ставови, мислења, апели и барања на анонимни граѓани. Во оваа статистичка ставка влегоа и репортажите за атмосферата што го придружуваше Супер купот одигран во Скопје, како и ставовите на граѓаните од Љуботен по повод годишницата од вооружениот конфликт од 2001 година, и во однос на годишницата од Охридскиот рамковен договор. Двоцифрената минутажа за ставката *„експерти/аналитичари“* се однесува главно на мислења во врска со Предлог-законот за употребата на јазиците, при што во вестите е емитувано и кусо интервју со политичкиот аналитичар Насер Зибери. По овој актуелен повод, ТВ Шења направи и редакциски коментар (4 минути и 5 секунди) за неконзистентноста на ставовите на Али Ахмети, лидерот на ДУИ, на тој начин што емитуваше три негови, содржински различни, изјави по ова едно исто прашање.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:05:01 | 2,41 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:07 | 1,97 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:17:40 | 8,47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:11 | 3,92 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:54 | 7,14 | % |
| Други субјекти | 00:09:28 | 4,54 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:57 | 2,85 | % |
| Влада на РМ | 00:39:35 | 18,98 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:45 | 1,80 | % |
| СДСМ | 00:05:47 | 2,77 | % |
| Беса | 00:02:50 | 1,36 | % |
| Без субјекти | 00:44:38 | 21,40 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:03:17 | 1,57 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:15 | 5,87 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:08 | 1,98 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:40 | 1,28 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:45 | 0,36 | % |
| Собрание (позиција) | 00:06:55 | 3,32 | % |
| Левица | 00:02:42 | 1,29 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:19 | 1,59 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:46 | 2,29 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:25 | 0,68 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:01 | 0,49 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:03:29 | 1,67 | % |
| | **Вкупно: 03:28:35** | **100** | % |

Табеларниот приказ за „тонските цитати“, односно – т.н. „директни обраќања“ на јавните личности од политичкиот и од општествениот живот на Република Македонија, најнапред покажува мошне мал удел на целата оваа категорија споредена со вкупното информативно време врамено во ТВ Дневникот од 19 часот, а потоа, пред сè преку позабележителното време за – *„граѓанските субјекти“* и за *„експертските ставови“*, сведочи и за уредувачкиот пристап – значење во јавната сфера да им се даде на различните, не нужно партиски, гласови во општествено-политичкиот плуралитет.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Шења | | |
| --- | --- | --- |
| Субјект | Траење | Процент |
| Експерти/аналитичари | 00:07:49 | 20,28 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:29 | 3,85 % |
| Собрание на РМ | 00:01:04 | 2,77 % |
| Собрание (позиција) | 00:02:33 | 6,61 % |
| Собрание (опозиција) | 00:07:00 | 18,16 % |
| Влада на РМ | 00:04:00 | 10,38 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:56 | 2,42 % |
| ДИК и други органи | 00:00:25 | 1,08 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:54 | 2,33 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:17 | 3,33 % |
| Беса | 00:00:54 | 2,33 % |
| Други субјекти | 00:01:14 | 3,20 % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:01:25 | 3,67 % |
| Граѓански сектор | 00:04:15 | 11,02 % |
| ДПА-ДР | 00:00:37 | 1,60 % |
| Левица | 00:01:00 | 2,59 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:39 | 1,69 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:02 | 2,68 % |
| | **Вкупно: 00:38:33** | **100 %** |

## САТЕЛИТСКИ ТВ

### ТВ 24 ВЕСТИ

***Дневно-информативни емисии***

Вкупната информативна минутажа од 5 часа 16 минути и 38 секунди, новинарски главно обработена низ основните жанровски форми на вест и на извештај, но и на нивните консеквентни форми – вест во низа и извештај со елементи на коментар, произлезени пред сè поради повторливоста и календарски подолгиот континуитет на одредени актуелни теми со пошироко општествено-политичко значење, евидентирана е во десетдневниот период од 7 до 16 август, од изданијата на ТВ дневникот емитуван со почеток од 20 часот.

Ако се има предвид дека Изборниот законик премногу широко го поставува значењето на поимот – „предизборен период", тогаш, стриктно земено, темата – „локални избори", односно – партиските активности поврзани со тој конкретен политички процес, застапена е незначително во однос на тековните партиски расправи во Собранието на Република Македонија. Конкретно, новинарскиот интерес за локалните избори се сведе или на организациските задолженија на Државната изборна комисија, или на партиски најави, претпоставки и шпекулации за можни градоначалнички кандидати. Статистички категоризирани како активност на – „*локалната самоуправа*", во овој период вестите тематски главно произлегоа од придружните настани околу фудбалскиот Супер куп игран на арената „Филип II" во Скопје.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:56:16 | 18,15 | % |
| Собрание (позиција) | 00:11:44 | 3,78 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:17:47 | 5,74 | % |
| Собрание на РМ | 00:09:12 | 2,97 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:41 | 0,87 | % |
| СДСМ | 00:04:05 | 1,32 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:18 | 2,35 | % |
| Други субјекти | 00:18:42 | 6,03 | % |
| Судство | 00:05:59 | 1,93 | % |
| Без субјекти | 00:30:01 | 9,68 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:31:30 | 10,16 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:25 | 2,07 | % |
| Специјално обвинителство | 00:08:18 | 2,68 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:53 | 3,83 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:40:50 | 13,17 | % |
| Граѓански сектор | 00:42:54 | 13,84 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:56 | 0,95 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:53 | 0,28 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:37 | 0,20 | % |
| | **Вкупно: 05:10:01** | 100 | % |

Забележително време им беше отстапено и на граѓанските теми и проблеми, при што медиумот низ вести во низа и преку одделни интервјуа во рамките на ТВ Дневникот ја проследи контроверзната разрешница околу преземањето на претседателството на Сојузот на синдикатите, но редовно, преку извештаи и преку репортажи известуваше за состојбите околу опожарените подрачја во државата.

Поставувајќи се од - перспектива на граѓанинот, ТВ 24 вести иницираше и хуманитарна, самоорганизирана акција за помош на две социјално загрозени семејства.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:05:50 | 5,52 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:09:13 | 8,73 | % |
| Собрание (позиција) | 00:03:45 | 3,55 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:43 | 2,57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:40 | 0,63 | % |
| СДСМ | 00:00:20 | 0,32 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:18 | 6,91 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:05 | 2,92 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:33:39 | 31,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:32:45 | 31,00 | % |
| Други субјекти | 00:03:13 | 3,05 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:05 | 1,03 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:07 | 1,06 | % |
| Судство | 00:00:55 | 0,87 | % |
| | **Вкупно: 01:45:38** | **100** | **%** |

Консеквентно на наведените забелешки, и од втората табела се забележува дека најмногу директни обраќања во ТВ Дневникот од 20 часот добиле експертите/аналитичари (повеќе од половина час), оти покрај горенаведените теми, експертското мислење беше медиумски уважено и по прашањето за 16-те години од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и за правно-политичките импликации од Предлог-законот за јазиците. На второ место е - граѓанскиот сектор (повеќе од половина час), пред сè поради вестите во низа поврзани со споменатите превирања во ССМ.

Споредено по јавни пројавувања од партиски активности, било во Парламентот било како поединечни партиски полемики и активности за различни општествено-политички теми, најзастапени се (Коалицијата на) СДСМ и (Колицијата на) ВМРО ДПМНЕ. На овој политички план, тематска преокупација во Дневникот од 20 часот беа собраниските расправи на двете споменати партии околу – разрешувањето на јавниот обвинител Зврлевски, интерпелациите што опозициската ВМРО ДПМНЕ ги поднесуваше за одредени министри, и различни аспекти на делокругот опфатен со Предлог-законот за јазиците.

Во десетдневниот анализиран период, ТВ 24 вести емитуваше и два новинарски / редакциски коментара (6 минути и 37 секунди): Првиот, под наслов: „*Самсоненко се повлекува од Вардар - што е заднината?*", презентиран како биографски и професионален профил на рускиот бизнисмен Сергеј Самсоненко, ги прикажува политичките и економските, македонски, балкански и глобални релации на некогашниот газда на спортскиот клуб „Вардар", обидувајќи се да ги одгатне причините за неговото повлекување од позицијата - генерален спонзор на најтрофејната македонска спортска организација; вториот, насловен: „*ВМРО ДПМНЕ со различни аршини кон блокадата на Собранието кога е на власт и кога е опозиција*", преку монтажа на архивски и на актуелен аудиовизуелен материјал, претставува соочување на партијата ВМРО ДПМНЕ со својата политичка - (не)доследност при спроведувањето политички методи/постапки, поврзани пред сè со процедурата на собраниските расправи.

## ***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Во периодот од 7 до 16 август, емитувани се следниве интервјуа: со Блажен Малески, претседателот на Националниот младински совет (НМСМ), разговарано беше на тема – *„Меѓународен ден на младите"*; со Мухамед Халили, поранешен дипломат на Република Македонија, направено е получасовно интервју по повод 16 години од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, а на иста тема е емитувано и интервју со политичкиот аналитичар Мерсел Биљали; тема на интервјуто со Васка Бајрамовска Мустафа, заменичката на Народниот правобранител, беше - работата на центрите за социјални работи; интервјуто со Драган Тевдовски, актуелниот министер за финансии, се фокусираше на ребалансот на државниот буџет; активностите околу гаснењето на пожарите низ државата беа презентирани преку интервју со Драги Тарчуговски, раководителот на Оперативниот штаб на Координативното тело за заштита од пожари; Христијан Мицковски, генералниот секретар на ВМРО ДПМНЕ говореше за тековните реформи во партијата; две одделни интервјуа ТВ 24 вести направи со Живко Митревски, поранешниот претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, и со Дарко Димовски, сегашниот претседател на ССМ, а интервјуто со Христјан Балески, граѓанскиот активист од иницијативата за „Спас на Валандово", за предмет на интерес го имаше референдумот против рудникот Казандол.

*Актуелно-информативни емисии*

Во десетдневниот период на анализата, емитувани се осум изданија на актуелно-информативната програма „Очи во очи", технички изведена како – „отворено студио", контактна емисија со директно вклучување гледачи што изнесуваат ставови за тековни општествено-политички теми. Од 7 до 16 август, темите на осумте изданија на емисијата, тука прикажани преку оригиналниот наслов, беа:

- *„Пожари беснеат во Македонија – ВМРО ДПМНЕ ја обвини Владата за еколошка катастрофа (премиера од 6 август/ реприза од 7 август);*
- *„Собранието распиша Локални избори на 15 октомври". (7 август);*
- *„Скопје ќе заработи најмногу од Супер купот, но дали се покажуваме како добри домаќини?" (8 август);*
- *„Тензично Собрание – блокирана говорница и интерпелации за министрите од СДСМ (9 август);*
- *„Десетмина судии заработија кривични пријави за одлучувањето за Груевски и Бошкоски" (10 август);*
- *„Самсоненко рече: „Доста е!" со Вардар и Македонија, по сите линчови и навреди што ги доживеал" (11 август);*
- *„'Вечниот' претседател на ССМ, Живко Митревски е сменет. Дарко Димовски седнува на неговото столче" (14 август);*
- *„Османи: Владата ќе се фокусира на прашањето за името" (15 август);*
- *„Маратонска собраниска расправа за разрешување на Зврлевски. Кога ли ќе заврши?" (16 август).*

***Белешка:***

Во рамките на десетте анализирани дена од вкупно емитуваната програма на ТВ 24 вести, забележливо беше и репризирањето повеќемесечно стари актуелно-информативни програми и интервјуа кои не само што веќе го загубиле аспектот на – „актуелност", туку од денешна јавна перспектива потребна е повеќе-помалку сложена анализа за да можат дури и во оваа жанровска рамка контекстуално да се (ре)актуелизираат. Во ваквите случаи, ако се изземат формалните новинарски обележја на жанрот – фељтон, а имајќи ја предвид општествено-политичката тематска обединетост на споменатите емисии, тогаш ним од хронолошки аспект може да им се придаде архивско значење на – документаристика, автентично сведоштво за блиската македонска политичка историја.

## ТВ СОНЦЕ

### *Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 7 до 16 август на ТВ Сонце беа мониторирани десет изданија на вестите од 18 часот. Вкупното времетраење на прилозите во вестите коишто се однесуваат на внатрешните општествено-политички случувања изнесува 2 часа 21 минута и 9 секунди. Медиумот ги користи информативните жанрови, вест, вест во низа, извештај.

Информациите за редовните активности на Владата и нејзините министерства (билатерални средби, забрана за движење во шумите во врска со пожарите, справувањето со топлотниот бран, регистарот за вработените во јавниот сектор, субвенциите, спорот за името, издавањето хартии од вредност, цената на струјата) се дел од прилозите поради кои субјектот Влада доминира со отстапеното време во вестите на ТВ Сонце. Во овој прв десетдневен извештаен период, медиумот отстапи голем простор (повеќе од 20 минути) за пренесување на политичките ставови по одредени прашања (усвојувањето на Законот за јазиците од страна на Владата, најавената посета на грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕиас, ставовите на бугарскиот министер за одбрана Красимир Каракачанов поврзани со неговата иредентистичка и националистичка реторика и во врска со одлуката на Владата за именување на нов директор, кадар на ДУИ, во Државниот завод за статистика) на претседателот на партијата Македонска алијанса, Ѓорѓија Џорџ Атанасоски, којшто е и сопственик на телевизијата, пренесени како негова писмена реакција.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:03:22 | 2,39 | % |
| Собрание (опозиција) | 00:13:44 | 9,73 | % |
| Собрание (позиција) | 00:04:30 | 3,19 | % |
| Други субјекти | 00:14:49 | 10,50 | % |
| Влада на РМ | 00:24:36 | 17,43 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:43 | 6,88 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:11 | 7,92 | % |
| Без субјекти | 00:05:43 | 4,05 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:51 | 4,85 | % |
| АРМ | 00:01:04 | 0,76 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:03 | 9,95 | % |
| Македонска алијанса | 00:20:35 | 14,58 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:46 | 0,54 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:17 | 0,91 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:42 | 1,20 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:09 | 0,81 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:34 | 0,40 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:16 | 2,31 | % |
| СДСМ | 00:02:14 | 1,58 | % |
| | **Вкупно: 02:21:09** | 100 | % |

Расправите во Собранието околу разрешувањето на Јавниот обвинител Марко Зврлески, поднесените интерпелации за одредени министри од страна на пратениците на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, се најчестите теми поврзани со работата на Собранието, за кои информира медиумот, па оттука и не изненадува застапеноста на собраниската опозиција како субјект. Простор беше одвоен за информациите поврзани со смената на раководството во ССМ и за справувањето на надлежните органи со пожарите во земјата.

*__Табела 2: Директни обраќања на субјектите__*

| ТВ Сонце | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание (опозиција) | 00:00:27 | 3,10 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:31 | 10,46 % |
| Граѓански сектор | 00:03:10 | 21,84 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:13 | 29,08 % |
| Собрание (позиција) | 00:01:28 | 10,11 % |
| Влада на РМ | 00:02:10 | 14,94 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:31 | 3,56 % |
| СДСМ | 00:01:00 | 6,90 % |
| | **Вкупно: 00:14:30** | 100 % |

Во малиот обем отстапено време за директни обраќања (вкупно 14 минути и 30 секунди), речиси една третина зафаќаат изјавите на: градоначалникот на Прилеп во врска со Стратегијата на Владата за мигранти и изјавата на градоначалникот на Скопје, во врска со манифестацијата од забавен карактер „Супер Скопје", и двајцата кодирани како „Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ).

*__Посебни информативни емисии__*

*__Интервјуа__*

Во извештајниот десет дневен период, три пати е репризирано интервју реализирано во месец јуни со Ристо Гуштеров, во рамки на емисијата „Дијалози за Македонија". Темите на дискусија беа: потезите на Европската унија и САД за средување на состојбите во Македонија, геополитичкиот однос на големите земји, нивното влијание на Балканот, како и нашата политика во корелација со тие политики.

*__Дебати__*

Во овој извештаен период, три пати е репризирана дебатната емисија посветена на местото и улогата на македонскиот јазик, реализирана во рамки на емисијата „Дијалози за Македонија", премиерно емитувана во месец јули. Гости во студиото на ТВ Сонце беа професорките Вера Стојчевска Антиќ и Веселинка Лабровска.

__ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС__

*__Дневно-информативни емисии__*

Од 7 до 16 август, односно по првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување за распишаните локални избори, во програмата на ТВ Канал 5 Плус не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата.

*__Други програми__*

Во споменатиот календарски период земен за предмет на анализа, евидентирани беа само репризи на утринската програма „*Здраво Македонијо*", од која методолошки се издвоени само сегметните оформени како актуелно-информативна, контактна програма.

Насловите на тие сегменти се детално наведени во извештајот за програмата на ТВ Канал 5.

## ТВ СИТЕЛ 3

*__Дневно-информативни емисии__*

На ТВ Сител 3 во десетдневниот период од 7 до 16 август 2017 година не се емитуваа вести како посебна информативна целина.

*__Други програми__*

Во десетдневниот период на анализата, медиумот секојдневно (два пати на ден) ја репризираше утринската контактна програма „Ја сакам Македонија" премиерно емитувана на ТВ Сител (од претходниот и/или од истиот ден), каде покрај сервисните информации и општите теми пласирани во првиот дел од емисијата, вклопен е и дел именуван - „На дневен ред", организиран како „отворено студио" со директно вклучување на гледачи што се произнесуваат за тековни општествено-политички теми. За анализираниот примерок од овој календарски период, важат констатациите дадени за информативните емисии на ТВ Сител.

## НАША ТВ

*__Дневно-информативни емисии__*

Наша ТВ не емитува сопствени дневно-информативни емисии.

*__Посебни информативни емисии__*

*Интервју*

Во периодот од 7 до 16 август во емисијата „Интервју" на Наша ТВ емитувани се две изданија релевантни за интересот на мониторингот на програмата на медиумот во предизборниот период пред локалните избори.

Во едното издание на емисијата гостин беше градоначалникот на Општина Бутел, Петре Латиновски. Теми на разговорот беа: изградбата на новото училиште, изградба на нови спортски сали и на индустриски зони во општината, организирање на културни манифестации и прослава на јубилејот на Општина Бутел. Во второто издание беше емитуван разговор со Јана Илиева, доцент на Факултетот за туризам во Скопје, а тема на разговорот беше исламот. Двете емисии се репризно емитувани уште по еднаш.

# РАДИО

## КАНАЛ 77

### *Дневно-информативни емисии*

Од 7 до 16 август, односно во првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување, не беше регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата. Радиото емитуваше кратки, флеш-вести со времетраење од 2 до 3 минути, поврзани со актуелните случувања во државата.

### *Посебни информативни емисии*

### *Други информативни програми*

Според критериумот – актуелност, на општествено-политички теми и настани, во евиденцијата на мониторингот, спроведен во периодот од 7 до 16 август, влезе само изданието на актуелно-информативната емисија *„Стадион"*, емитувано на 8 август 2017 година, што всушност беше реприза на контактната емисија премиерно емитувана на 5 август 2017 година. Темата на емисијата, отворена за ставови на слушатели, беше поставена преку прашањето за – општествената и за политичката (не)одговорност при соочувањето со пожарите низ повеќе локации од територијата на Република Македонија.

## РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

### *Дневно информативни емисии*

Радио Слободна Македонија го емитува редовното централно дневно-информативно издание „Дневник" секој работен ден од 16 часот и 30 минути. Оттаму, со мониторингот во првите десет дена (од 7 до 16 август 2017г.) беа опфатени осум изданија на емисијата, односно анализата беше спроведена врз вкупно 1 час 17 минути и 58 секунди, што не го поминува методолошкиот праг за извлекување заклучоци (најмалку 2 часа). Сепак, нужно е да се забележи дека медиумот, од политичките партии известува само за ВМРО ДПМНЕ и тоа во текот на четириесетина минути, било преку активностите и ставовите на нејзините пратенички групи (собранискaта расправа за разрешување на јавниот обвинител Марко Зврлевски, Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, интерпелациите) – за која се издвоени 21 минута и 27 секунди, било преку партиските прес-конференции и соопштенија за кои се издвоени 18 минути и 49 секунди.

### *Посебни информативни емисии*

Во периодот од 7 до 16 август, емитувани се (премиерно) повеќе емисии кои не се однесуваат на актуелни општествено-политички теми, а има и репризи на неколку емисии кои во изминатите месеци изгубиле од својата „актуелност", односно добиле архивско значење на документарна емисија која сведочи за политичките случувања на светско и регионално ниво во изминатиот период. Ваков пример е репризираното интервју со професорот Бранислав Саркањац (реализирано во јули годинава) во емисијата „За Македонија малку поинаку" со Александар Ристевски. Темата на емисијата е влијанието на мултинационалните компании врз националните политики на земјите низ светот, со посебен осврт кон земјите во регионот.